# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА БЕРОВО



| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 20.12.2019 БРОЈ 25 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |



С О Д Р Ж И Н А


З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година…………………………………………………………

О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година……………………………………………………..........................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги од Буџетот на Општина Берово за 2020 година..........................................................................................................................................

О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги од Буџетот на Општина Берово за 2020 година.......................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на ПРАВИЛНИК за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.......................................................................................

ПРАВИЛНИК за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги..........................................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.....

О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година.............................................

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година...............................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете..........................................................................................................................

ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете.............................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за работењето на територијалната противпожарна единица за 2020 година........................................................................................

П Р О Г Р А М А за работењето на територијалната противпожарна единица за 2020 година.......

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за подршка на Локалниот економски развој на Општина Берово за 2020 година.......................................................................................

П Р О Г Р А М А за подршка на Локалниот економски развој на Општина Берово за 2020 година

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово за 2020 година во областа на туризмот.......................................................................................

П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово за 2020 година во областа на туризмот.........

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2020 година..........................................................................................................

П Р О Г Р А М А за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2020 година................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2020 година......................................................................................

П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2020 година.......

З А К Л У Ч О К за објавување на Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово во областа на односите со јавноста, комуникациите и меѓународната соработка во 2020 година..........................................................................................................

П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово во областа на односите со јавноста, комуникациите и меѓународната соработка во 2020 година.................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О ГР А М А за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2020 година...............................................................................

П Р О ГР А М А за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2020 година..........................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во Општина Берово за 2020 година.....................................

П Р О Г Р А М А за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во Општина Берово за 2020 година..........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезона 2019/2020 година..................................

П Р О Г Р А М А за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезона 2019/2020 година.....................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2020 година..........................................................................................

ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2020 година.........

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ ) За изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2020 година.......

П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ ) За изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2020 година.......................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Берово за 2020 година.........................................................................................

П Р О Г Р А М А за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Берово за 2020 година..........................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А - Ј4 За одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 година..........................................................................................

П Р О Г Р А М А - Ј4 За одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 година................................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година…………………………………………

П Р О Г Р А М А за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2020 година……………………………..........................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А - Ј3 За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово за 2020 година.....................

П Р О Г Р А М А - Ј3 За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово за 2020 година..........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за комунални дејности за 2020 год.............

П Р О Г Р А М А за комунални дејности за 2020 год...................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А - Ј7 за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2020 година........................................................................................

П Р О Г Р А М А - Ј7 за одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2020 година................................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за други комунални услуги, третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2020 година...................................................

П Р О Г Р А М А за други комунални услуги, третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2020 година.................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за изработка на урбанистички планови за 2020 год. на подрачјето на општина Берово.......................................................................

П Р О Г Р А М А за изработка на урбанистички планови за 2020 год. на подрачјето на општина Берово..................................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на П Р О Г Р А М А за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Берово за 2020 година...........................................................................................................................

П Р О Г Р А М А за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Берово за 2020 година....................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 102, КО Берово, по барање на Илчо Димовски од Берово..........

О Д Л У К А За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 102, КО Берово, по барање на Илчо Димовски од Берово............................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 3566, КО Берово, по барање на Јонка Ѓеринска од Берово.........

О Д Л У К А За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 3566, КО Берово, по барање на Јонка Ѓеринска од Берово..........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 4499 и 4515, КО Берово вон-град, по барање на Драган Даутовски од Скопје.......................................................................................................................

О Д Л У К А За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 4499 и 4515, КО Берово вон-град, по барање на Драган Даутовски од Скопје..............................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 5849/2, КО Берово вон-град, по барање на Благица Русковска од Берово.......................................................................................................................................

О Д Л У К А За усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 5849/2, КО Берово вон-град, по барање на Благица Русковска од Берово..............................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 3887 и 3888, КО Владимирово, по барање на Венко Чаушовски од Владимирово.............................................................................................................................

О Д Л У К А за усогласување на намените на Деталниот урбанистички план на Берово, во однос на легализација на објектите надвор од дефиниран опфат на планот за КП 3887 и 3888, КО Владимирово, по барање на Венко Чаушовски од Владимирово..........................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање во сопственост и владение, користење и одржување на Канализација на отпадни води за населба "Мило" Берово, на ЈПКР Услуга Берово.......................................................................................................................................

О Д Л У К А за давање во сопственост и владение, користење и одржување на Канализација на отпадни води за населба "Мило" Берово, на ЈПКР Услуга Берово........................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање согласност на Образец на Развоен План на ОЈУДГ "23 Август" Берово за период од 2020 – 2022 година................................................

О Д Л У К А за давање согласност на Образец на Развоен План на ОЈУДГ "23 Август" Берово за период од 2020 – 2022 година.........................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната Програма за работа на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово за 2020 година..........................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишната Програма за работа на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово за 2020 година.............................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање согласност на Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, на помошно – техничкиот персонал и на Директорот на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица "Д-р Иван Влашки" Берово за 2019 година........

З А К Л У Ч О К за давање согласност на Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, на помошно – техничкиот персонал и на Директорот на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица “Д-р Иван Влашки” Берово за 2019 година............................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Викторија Цоцовска...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Марија Костевска.........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Данка Бачовска...........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Златко Гоцевски..........................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Надица Цонкинска.......................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Убавка Арифовска.......................................................................................................................................

РЕШЕНИЕ за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2019 година на Фиљка Миловска.........................................................................................................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

# З А К Л У Ч О К
## за објавување на
## О Д Л У К А
## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2019 година

Се објавува О Д Л У К А за измена на распоредот на средствата за 2019 година, Бр.09-4515/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/1
20.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ( Сл.весник на Р.М. бр.64/2005,4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016), Советот на Општина Берово на 27 - та седница одржана на 19.12.2019 година донесе:

## О Д Л У К А
### за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БЕРОВО за 2019 година

**Член 1**

**Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина БЕРОВО за 2019 година на следниот начин :**

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 20,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 3,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 10,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | -33,000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **RAA** | **ЗаШтита на жителите од една планина долж две реки** | | | | | |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 350,000 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 0 | 0 | -350,000 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Бр.
19/12/2019

Претседател на Советот на Општината
**Јован Матеничарски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за спроведување на мерки за субвенционирање
на трошоци за комунални услуги
од Буџетот на Општина Берово за 2020 година

Се објавува О Д Л У К А за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги од Буџетот на Општина Берово за 2020 година, Бр.09-4518/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/2 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/02), член 11 и 306 став 2 од Законот за социјална заштита („Сл.Весник на РМ" бр.104/2019), Советот на општина Берово, на 27-та седница одржана на ден 19.12.2019 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ
НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Општина Берово ќе врши обезбедување на остварување на социјалната заштита на граѓаните, од средствата на Буџетот на општина Берово за 2020 година , во облик на спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓаните кои се изложени на социјални ризици.

Со оваа Одлука се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и постапката за спроведување на мерките.

Член 2

Субвенцијата се состои од:

• Покривање на трошоците за потрошени максимум 10м$^3$ вода за пиење за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата, во период од 12 месеци од остварување на правото.

Доколку корисникот има потрошено помалку од 10м$^3$ вода за пиење, предмет на субвенција ќе биде реално потрошената количина на вода за пиење.

Член 3

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на општина Берово ќе можат да го користат 50 лица кои имаат статус на:

1. Корисник на гарантирана минимална помош или
2. Невработен подолго од 12 месеци, а доколку корисникот е во брак, тогаш и неговиот брачен другар да е невработен,

*Услов за погоренаведените категории е: корисниците и нивните брачни другари да бидат пријавени во Агенцијата за вработување на Република Македонија и активно да*

*бараат работа; заедно со брачниот другар да не оствариле приходи поголеми од 105.600,оо денари во предходната година.*

4 Лица кои имаат најмалку 70% степен на инвалидитет или тешка болест, односно нивниот брачен другар или друг член на семејството е со инвалидитет од најмалку 70% или има тешка болест.

Како тешка болест во оваа категорија се подразбираат малигни или церебрално васкуларни заболувања.

*Услов за оваа категорија на корисници (по основ на инвалидитет или тешка болест) е во предходната година, заедно со брачните другари да не остваруваат приходи поголеми од 105.600,оо денари.*

Член 4

Се утврдува дека сите категории на граѓани утврдени во член 3 од оваа Одлука, субвенционирањето ќе можат да го користат доколку кумулативно ги исполнуваат следните критериуми:

• Да се државјани на Република Северна Македонија;
• Да се жители на општина Берово;
• Да се корисници на услуги за вода за пиење од ЈПКР "Услуга" Берово;
• Да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

Член 5

Врз основа на оваа Одлука, за секој корисник на субвенцијата ќе се одлучува со поединечно Решение, по претходно спроведена постапка на јавно огласување, прибирање на барања и обработка на истите.

Максималните износи од член 2 на оваа Одлука, за секој корисник на комуналните услуги, односно на субвенцијата ќе бидат исти и ќе бидат фиксни, односно нема да зависат од месечните трошоци за секој корисник одделно.

Член 6

Доколку на повикот се пријават повеќе од 50 лица кои ги исполнуваат условите за субвенцинирање, Комисијата ќе го примени принципот "прв дојден- прв услужен", односно правото ќе го остварат првите 50 лица, чии пријави ќе бидат навремени и во целост ги исполнуваат условите од повикот.

Член 7

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги Бр.09-3656/1 од 06.11.2018 година.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово".

Бр.09-4518/1
19.12.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

ПРАВИЛНИК
за спроведување постапка за субвенционирање
на трошоци за комунални услуги

Се објавува ПРАВИЛНИК за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги, Бр.09-4519/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/3 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги Бр.09-4518/1од 19.12.2019 година, Советот на општина Берово на 27-та седница одржана на ден 19.12.2019 година, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК
за спроведување постапка за субвенционирање
на трошоци за комунални услуги

Член 1

Со овој правилник се регулира постапката за спроведувањето на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги и се утврдуваат компонентите, корисниците и критериумите за избор на корисниците на субвенциите.

Член 2

Субвенцијата се состои од:

• Покривање на трошоците за потрошени максимум 10м$^3$ вода за пиење за секој корисник на услугата, односно на субвенцијата, во период од 12 месеци од остварување на правото.

Доколку корисникот има потрошено помалку од 10м$^3$ вода за пиење, предмет на субвенција ќе биде реално потрошената количина на вода за пиење.

Член 3

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на општина Берово ќе можат да го користат 50 лица кои имаат статус на:

1. Корисник на гарантирана минимална помош или
2. Невработен подолго од 12 месеци, а доколку корисникот е во брак, тогаш и неговиот брачен другар да е невработен,

*Услов за погоренаведените категории е: корисниците и нивните брачни другари да бидат пријавени во Агенцијата за вработување на Република Македонија и активно да бараат работа; заедно со брачниот другар да не оствариле приходи поголеми од 105.600,оо денари во предходната година.*

4 Лица кои имаат најмалку 70% степен на инвалидитет или тешка болест, односно нивниот брачен другар или друг член на семејството е со инвалидитет од најмалку 70% или има тешка болест.

Како тешка болест во оваа категорија се подразбираат малигни или церебрално васкуларни заболувања.

*Услов за оваа категорија на корисници (по основ на инвалидитет или тешка болест) е во предходната година, заедно со брачните другари да не остваруваат приходи поголеми од 105.600,оо денари.*

Член 4

Сите категории на граѓани утврдени во член 3 од овој Правилник, субвенционирањето ќе можат да го користат доколку кумулативно ги исполнуваат следните критериуми:

• Да се државјани на Република Северна Македонија;
• Да се жители на општина Берово;
• Да се корисници на услуги за вода за пиење од ЈПКР “Услуга” Берово;
• Да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

Член 5

За секој корисник на субвенцијата Градоначалникот ќе носи поединечно Решение, по претходно спроведена постапка на јавно огласување, прибирање на барања и обработка на истите.

Јавен оглас за поднесување на барања за субвенционирање на трошоците за комунални трошоци ќе биде објавен од страна на Градоначалникот на општина Берово.

Јавниот оглас ќе трае 30 дена, сметано од денот на објавувањето на веб страната на Општина Берово.

Постапката по објавениот оглас ќе ја спроведува Комисија, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Берово. Комисијата ќе ги прибира поднесените барања, ќе ги обработува истите и за оние барателите кои ги исполнуваат условите по објавениот јавен оглас, ќе достави предлог до Градоначалникот за избор на корисници на субвенцијата на трошоци за комуналните услуги.

Доколку на повикот се пријават повеќе од 50 лица кои ги исполнуваат условите за субвенцинирање, Комисијата ќе го примени принципот “прв дојден- прв услужен”, односно правото ќе го остварат првите 50 лица, чии пријави ќе бидат навремени и во целост ги исполнуваат условите од повикот.

Член 6

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за спроведување постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги Бр.09-3657 /1 од 06.11.2019 година.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-4519/1
19.12.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата
од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово, Бр.09-4520/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/4 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 157 став 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/2019), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локланата самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 27-та седница одржана на 19.12.2019 година донесе:

О Д Л У К А
за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата
од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.

Член 2

Средствата кои од Буџетот на Република Северна Македонија за секоја буџетска година се трансферираат на локално ниво во Буџетот на Општина Берово како пренесена надлежност за основното образование ќе се распределуваат по основни училишта во кои основач е Општина Берово.

Член 3

Критериумите за распределба на блок дотацијата Н1-Основно образование по основните училишта на Општина Берово се: корисна површина во училиштата, бројот на ученици во училиштата, корисна површина за греење и училишни објекти во општината.

Член 4

Формулата според која се врши распределба на средствата од блок дотацијата Н1-Основно образование по основни училишта во Општина Берово е следната:

БДу=(Кп/ВкКп+Бу/ВкБу+Кпг/ВкКпг+По/ВкПо)/4*БДо

Каде:
Бдо-блок дотација на општината
БДу-блок дотација по основно училиште
Кп-корисна површина на училоштето
ВКп-вкупна корисна површина на сите училишта во општината
Бу-број на ученици во училиштето
ВкБу-вкупен број на ученици во основните училишта во општината
Кпг-корисна површина за греење во училиштето

ВкКпг-вкупна корисна површина за греење
По-подрачни училишта и центалното училиште
ВкПо-вкупно подрачни училишта и центалните училишта

Член 5

Средствата добиени како блок дотација во Буџетот на Општина Берово за основното образование може да се користат за: плати на вработените, стоки и услуги (комуналии, греење, електрична енергија, комуникации и транспорт, канцелариски матерјали, весници и списанија, алат и ситен инвентар, средства за одржување на хигиена, тековно одржување, други договорни услуги, превоз на учениците како и други оперативи расходи), трансвери при пензионирање и капитални расходи.

Член 6

Средствата добиени како блок дотација во Буџетот на Општина Берово за основното образование ќе се одобруваат на месечна основа по училишта согласно утврдената динамика по квартали од Министерството за образование и наука и тоа:

- Делот за плати, наемнини и надоместоци на вработените до 15-ти во тековниот месец за плата за претходниот месец;
- Делот за стоки и услуги после 15-ти во тековниот месец за претходниот месец.

Член 7

По добиената распределба на средства од страна на Министерството за образование Формулата според која се врши распределба на средствата од блок дотацијата може да претрпи извесни промени кои ќе бидат утврдени со Одлука за измена на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-4520/1
19.12.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

Р Е Ш Е Н И Е
за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа
на Советот на Општина Берово за 2020 година

Се објавува Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година Бр.09-4521/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/5
20.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 38 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19) и член 128 од Деловникот за работа на Советот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.18/07), Советот на Општина Берово на 27-та седница одржана на 19.12.2019 година, донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за** формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година

1. Се формира Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година во состав:

- Славица Фурнаџиска - претседател
- Гоце Ружински - член
- Драган Мустачки - член

2. Комисијата од точка 1 (еден) на ова Решение има задача да изготви Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2020 година.

3. Програмата за работа на Советот на Општина Берово треба да биде изготвена за наредната седница.

4. Комисијата од точка 1 (еден) на ова Решение престанува со работа по завршување на задачата за која е формирана.

5. Ова Решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“

Бр.09-4521/1
19.12.2019 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

ПРАВИЛНИК

за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете

Се објавува ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете, Бр.09-4522/1, што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/6
20.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/2002) и член 19 став 2 точка 11 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово“ бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008, 20/2010 и 20/2019), во согласност со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово и Годишната програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита, Советот на Општина Берово на 27-та седница одржана на ден 19.12.2019 година донесе:

## ПРАВИЛНИК
## за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за новородено дете

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање и критериумите, постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош за секое новородено дете на територија на Општина Берово.

**Член 2**

Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Берово на годишно ниво по претходно направена процена, во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Берово и во Годишната Програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита.

**Член 3**

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош за новородено дете ќе се распределуваат на корисниците баратели според критериумот родителите на новороденото дете во календарската година да имаат регистрирано место на живеалиште и постојано престојувалиште на територија на Општина Берово.

Рокот за поднесување на Барање за исплата на средства согласно овој Правилник е во текот на календарската година во која е родено детето. За оние деца коишто се родени во последниот квартал од годината, рокот за пријавување и поднесување на барање за исплата на средства е до крајот на календарската година или најдоцна до 28 февруари во следната календарска година.

Местото на живеалиште и постојано престојувалиште се докажува со приложување на копија од личен документ за идентификација и со изјава од барателот заверена на нотар дека родителите живеат и престојуваат на територија на Општина Берово.

**Член 4**

За секое новородено дете, чии родители се со место на живеење во Општина Берово, ќе се врши исплата на 5.000,оо денари од потставка 464 990 – Други трансфери, Програма А0 Совет на Општина, во согласност со годишната програма за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита.

**Член 5**

Подносителите на барање за доделување на еднократна парична помош за новородено дете се должни да приложат:

- извод од матична книга на родените за новороденото дете во оригинал;
- фотокопија од лична карта на еден од родителите (барателот);
- фотокопија од трансакциска сметка;
- Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи, Оддел за граѓански работи, Сектор за управно надзорни работи, Отсек за управни работи Штип – Берово, издадена врз основа на евиденција за живеалиште, престојувалиште и лични карти дека родителите имаат пријавено адреса на живеење на територија на Општина Берово и дека истите немаат пријавено престој надвор од Општина Берово или надвор од Република Македонија

**Член 6**

Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, по утврдените критериуми ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Берово.

За секое поднесено Барање, се изготвува записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош во кој

се констатира дали барателите ги исполнуваат критериумите за доделување на еднократна парична помош за секое новородено дете.

Доколку барателот достави некомплетна документација, наведена во член 5 од овој Правилник, Комисијата од став 2 на овој член е должна да му достави известување на барателот и да го задолжи барателот во рок од 5 работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите.

Доколку барателот не ги комплетира документите во рокот предвиден во став 3 од овој член, ќе се смета дека не исполнува условите за доделување на еднократна парична помош, и истиот ќе биде одбиен со Решение за недоделување на еднократна парична помош, по истекот на рокот за докомплетирање на барањето предвиден во став 3 од овој член.

Доколку барателот достави уредна и комплетна документација, од страна на Градоначалникот на Општина Берово се донесува Решение за доделување на еднократна парична помош за новородено дете во рок од 60 дена од приемот и комплетирањето на барањето.

Барањето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за доделување на еднократна парична помош за новородено дете се доставува до Одделението за финансиски прашања.

Еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за доделување на еднократна парична помош за новородено дете се доставува до Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош од Општина Берово.

По еден примерок од Решението за доделување на еднократна парична помош за новородено дете се доставува до барателот и до архива на Општина Берово.

**Член 7**

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 01.01.2020 година и ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Берово".

*Изготвила: м-р Зорица Ризовска с.р.*
*Контролирала: Емилија Ваканска с.р.*

**Број 09 - 4522/1** — **Совет на Општина Берово**
**19.12.2019 година** — **Претседател**
**Берово** — **Јован Матеничарски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

## З А К Л У Ч О К
за објавување на

## П Р О Г Р А М А
за работењето на територијалната противпожарна единица за 2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А за работењето на територијалната противпожарна единица за 2020 година, Бр.09-4523/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/7 — ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. — Градоначалник
Б е р о в о — Звонко Пекевски с.р.

ПРОГРАМА ЗА РАБОТЕЊЕТО НА Територијалната противпожарна единица ЗА 2020 ГОДИНА

Со Законот за пожарникарството се уредува формирањето, организирањето и дејствувањето на противпожарните единици, доброволните противпожарни здруженија, гаснењето на пожарите, како и условите за производство, ставање во употреба и одржување на уредите, опремата и средствата за гаснење на пожари.

Пожарникарството е работа од стручен и хуманитарен карактер од јавен интерес. Пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита и спасување во Републиката.

Со цел поттикнување на превентивните мерки за заштита од пожари, како редовна, традиционална манифестација се воведува „Месец за заштита од пожари", која се одржува секоја година, во текот на месец мај. Заради негување на традициите на пожарникарството и одбележување на денот на формирањето на првата противпожарна единица во нашата земја, "20 Мај" се прогласува за Ден на пожарникарството во Република Македонија и истиот традиционално се одбележува.

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, се формираат противпожарни единици. Согласно член 5 став 3 од Законот за пожрникарството, Општина Берово формира Територијална противпожарна единица, која ја покрива и територијата на Општина Пехчево. Единицата покрива 974 км/2 опфатени околу 20 000 жители во две градски и 14 селски населби.

Единицата брои 15 пожарникари, од кои:

- 5 пожарникари спасители
- 4 пожарникари - возачи на специјално возило
- 2 пожарникари - водачи на група
- 4 пожарникари - командир на одделение

Противпожарната единица е организирана и опремена со соодветна, меѓутоа дотраена техничка опрема и дотраени средства за гаснење на пожари, како и за извршување на другите задачи во рамките на надлежноста. Во иднина, Општината треба да има во предвид дека се работи за потрошен материјал и да обезбеди нова колективна и лична опрема, како и нови технички средства за гаснење на пожари, со цел ефикасно и ефективно извршување на работните цели и задачи на единицата.

Противпожарната единица е должна да презема мерки за гаснење на пожарот, односно отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар, веднаш по дознавањето за настанатиот пожар или опасност за настанување на пожар.

Покрај гаснењето на пожарите ТППЕ учествува и во вршењето на технички интервенции во рамките на своите можности за која цел се спроведува и соодветна обука на вработените. Единицата учествува во давање помош при елементарни непогоди и други ситуации. За сите поголеми и покарактеристични интервенции се доставува посебна информација до градоначаникот на Општина Берово.

Заради поуспешно обавување на поставените работни задачи во текот на 2020 предвидени се повеќе вежбовни активности на ТППЕ Берово. Во текот на 2020 ќе бидат организирани 6 поголеми вежби со учество на целата единица и 12 помали вежби кои ќе бидат спроведувани во кругот на ТППЕ Берово.

Заради подобрување на моторните способности редовно се обавуваат тренинг возења и користење на опремата која ја поседува единицата. За исправноста на опремата која ја поседува ТППЕ Берово се врши редовна контрола од страна на овластени лица од Дирекција за заштита и спасување, за што се изготвува записник.

Согласно важечките стандарди (**ISO 9001:2015**) за тековното работење на ТППЕ се води пропишана евиденција и се изготвува годишната програма на единицата.

Техничкото опремување на единицата го врши Општина Берово согласно законските прописи и Правилниците а во рамките на своите можности. Исто така средствата за одржувањето на возилата и опремата паѓа на товар на Општина Берово.

Средствата за финансирање на противпожарната единица и организацијата за гаснењето на пожари се обезбедуваат од републичкиот буџет, буџетот на општината, и процентуален дел од: наплатени премии за осигурување на имот од пожар, наплатени премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, **средствата од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии, приходо од сопствени извори , доброволни прилози и слично.**

**Административно – техничките работи и книговодствените евиденции на противпожарната единица се преземаат и извршуваат од страна на општинската администрација, согласно со закон.**

Со оглед на тоа дека Територијалната противпожарна единица на Општина Берово ја покрива и територијата на Општина Пехчево, од страна на Општина Берово е предвидено да се склучи Договор за меѓуопштинска соработка со Општина Пехчево, за што досега се направени неколку обиди од страна на Општина Берово, нажалост неуспешни поради неприфаќањето на финансиските обврски од страна на Општина Пехчево за финансирање на дел од активностите на ТППЕ Берово.

**ТППЕ Берово** има интензивна соработка со ЈП Македонски Шуми Берово, ЈКПР „УСЛУГА“ Берово, Водостопанство Берово, ЕВН Македонија, Дирекција за заштита и спасување Подрачно Одделение Берово, Центар за управување со кризи Берово, Полициска Станица од Општа надлежност Берово и Граничната и Шумската полиција, со цел спречување на настанување на поголеми штетни последици по граѓаните и материјалните добра во Општината.

Со вршењето на редовни контроли командирот има постојан увид во однесувањето, изгледот и работната дисциплина на вработените при извршувањето на работните задачи. Проверката на возилата задолжително ја прави секоја смена. Ажурирањето на планот за мобилизација и на картотеката на улици и објекти како и хидрантската мрежа се врши постојано од страна на командирот на ТППЕ.

Работното време во **ТППЕ Берово** е организирано во 24 часовно дежурство на смени од по 12 часа. Единицата располага со 2 авто – цистерни ФАП 14/14 со носивост од 7.000 l вода и 1 теренско возило Бремач со носивост од 2.000 l вода. Редовно се одржуваат контакти со противпожарните единици од соседните општини за поголема соработка на сите нивоа од противпожарната заштита. Заради зголемување на ефикасноста во дејствувањето и одржување на работната дисциплина командирот врши редовни контролни неделни активности. За непречено функционирање и спроведување на програмата командирот изготвува преглед на потребни средства за **ТППЕ Берово** континуирано за секоја година, кој е во прилог на оваа програма изразен преку финансиска спецификација.

| * | Надлежности, работни цели и работни задачи | Рокови за реализација | Детален опис на работни цели и работни задачи |
|---|---|---|---|
| 1 | Раководење со ТППЕ – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Организирање на работата на територијалната противпожарна единица<br>- Спасување на животот на граѓаните<br>- Заштита на имотот на лица загрозени од пожари и експлозии |
| 2 | Укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации – сите вработени во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Пружање на помош во рамки на можностите на единицата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3 | Грижа за постоење на мобилност на единицата – командир на ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Постојана комуникација со вработените<br>- 12 часовно сменско работење |
| 4 | Раководење, организирање и следење на работата на ТППЕ – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Раководење на работата на ТППЕ<br>- Организирање на сменско и месечно работење на ТППЕ<br>- Следење на работата на ТППЕ преку постојана контрола на одделенијата во ТППЕ |
| 5 | Изготвување на годишен план за работа на единицата – командир на ТППЕ | На крајот на годината за следната календарска година (декември) | - Планирање на работата на ТППЕ по месеци и квартали за општи активности и надлежности |
| 6 | Изготвување на годишна програма за работа на ТППЕ – командир на ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Во програмата се предвидува опис на работата на ТППЕ за целата календарска година<br>- Во расходи се евидентираат средствата кои се потребни за тековно функционирање на ТППЕ |
| 7 | Изготвување на извештај за работата на ТППЕ – командир на ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - Изготвување на месечен извештај – евидентирање на интервенции<br>- изготвување на полугодишен извештај – евидентирање на интервенции и опис на интервенции<br>- изготвување на годишен извештај - детална евиденција и детален опис на интервенциите од страна на ТППЕ<br>- собирање на информации и податоци за за настанати пожари<br>- водење на евиденција за настанатите пожари , интервенции, експлозии и слично |
| 8 | Постапување по важечките законски и подзаконски акти од областа на - заштитата и спасување – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - изготвување на службена информација кога е во прашање голема интервенција (голем пожар) |
| 9 | Распоредување на работни задачи на вработените во ТППЕ – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - запознавање на вработените со нивните работни цели и задачи од систематизацијата на работни места на Општина Берово<br>- постапување во ситуација на пожар |
| 10 | Раководење на акцијата за гаснење на пожар – командир на ТППЕ и командир на одделение во ТППЕ | Континуирано, во текот на целата календарска година | - постапување во ситуација на пожар |
| 11 | Стручно усовршување – сите вработени | Континуирано, во текот на целата календарска година | - настава со вежбовни активности: - 6 поголеми вежби со учество на целата единица (еднаш во два месеци) и 12 помали вежби (еднаш месечно) кои ќе бидат спроведувани во кругот на ТППЕ Берово<br>- спроведување на **неделна** обука на вработените<br>- реализација на тренинг возење<br>- во соработка со ПП Сојуз на Берово организирање на квиз натпревар од областа на ПП заштитата (последен квартал од годината) |
| 12 | Работна дисциплина – сите вработени | Континуирано, во текот на целата | - контрола на распоредот и користењето на работното време на вработените во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | календарска година | ТППЕ од страна на непосредно претпоставените<br>- покренување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска неуредност или дисциплински престап (доколку се јави потреба) од непосредно претпоставен<br>- покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност на вработените (доколку се направи материјална штета) од непосредно претпоставен<br>- грижа за униформата и личната уредност на вработените согласно одредбите од важечките прописи од страна на сите вработени |
| 13 | Одржување на возилата и возниот парк – сите вработени | Континуирано, во текот на целата календарска година | - навремено распишување на тендери за потребите на ТППЕ<br>- изготвување на анализи за потребите за ТППЕ за реализација на јавната набавка<br>- евиденција на потрошено гориво за возилата<br>- евидентирање на користење на моторните возила<br>- одржување на хигиената во гаражите |
| 14 | Одржување на опрема и средствата за гаснење на пожари – сите вработени | Континуирано, во текот на целата календарска година | - навремено набавување на средства за гаснење на пожари и нивно одржување<br>- грижа за постоечката опрема и постојана проверка на истата |
| 15 | Информирање и обука на населението за опасноста од пожари и елементарни непогоди | Континуирано, во текот на целата календарска година | - одржување на показни вежби на вработените во приватниот сектор<br>- одржување на показни вежби на вработените во јавниот сектор<br>- одржување на показни вежби на учениците во основните училишта<br>- одржување на показни вежби на учениците во средното училиште |

## ФИНАНСИСКА СПЕЦИФИКАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА

| Реден Број | Опис на активност | Поединечно средства | Вкупно средства |
|---|---|---|---|
| Комунални услуги | Електрична енергија | 60.000,00 | 295.000,000 |
| | Греење | 100.000,00 | |
| | Телефон | 45.000,00 | |
| | Гориво и масла за моторни возила | 90.000,00 | |
| * | Набавка на опрема за гасење на пожар (напртњачи, црева, разделници, собирници, млазници и друг вид на лична опрема) | 100.000,00 | 100.000,00 |
| * | Поправки и тековно одржување | 200.000,00 | 200.000,00 |
| | | ВКУПНО: | 595.000,00 |

<u>Изготвиле:</u>
*Зоран Ајтовски с.р.*
*м-р Зорица Ризовска с.р.*

Арх.бр.09-4523/1
19.12.2019 година
Берово

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Р О Г Р А М А
за подршка на Локалниот економски развој на Општина Берово за 2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А за подршка на Локалниот економски развој на Општина Берово за 2020 година, Бр.09-4524/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/8 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 16 став 1 точка 3, член 19 став 1 точка 3 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02 и 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 27-та седницата одржана на 19.12. 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2020 година**

**Вовед**

Процесот на планирање на програмата е базиран врз законските обврски на јавните институции меѓутоа и врз база на непосредното учество на заедницата и граѓанското општество (граѓанскиот сектор, месните заедници, асоцијации и сл.), преку заеднички напори и јавни програми и проекти кои овозможуваат достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив локален развој.

Локалниот економски развој претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив економски развој. Локалниот економски развој се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив економски раст, кој придонесува кон подобрување на квалитетот на живот за сите граѓани во заедницата.

Со стратешкото планирање на програмата за локален економски развој на општина Берово локалната заедница врши конкретен чекор кон опредметување на ефектите од децентрализацијата како политички процес и јакнењето на демократските односи, а посебно демократското вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

Програмата за подршка на локалениот економски развој се подготвува врз основа на Интегрираниот план за локален развој на општина Берово за 2019-2022 година, Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029, и посочените приоритети на граѓаните во процесот на подготовка на програмата, а се усвојува врз основа на надлежностите на Локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за Локална Самоуправа, Статутот на општина Берово, други позитивни законски одредби како и препораките на Европската Унија за подобрување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоени развојни документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработените проценки и анализи во сите тематски области во кои локалната самопурава има законски надлежности. Во рамките на тие активности е и Интегрираниот план за локален развој на општина Берово, Програмата за енергетска ефикасност на општина Берово како и Програмата за развој на Источниот плански регион во која се вклучени сите 11 општини.

Воедно, подготовката на програмата е во согласност со насоките на ЕУ и на Владата за користење на ИПА фондовите, што во основа ја имаат неопходноста од примена на оваа методологија за подготовка на програми за работа и буџетско планирање.
Согласно претходно наведените насоки и должности, во рамките на стратегиските документи за развој на Општина Берово, вклучени се програмите за работа и буџетско планирање на сите Одделенија во Локалната Самоуправа на Општина Берово, при што одделението за Локален Економски Развој, за буџетската 2020 година ја предвидува програмата Г1, Подршка на локалниот економски развој.

1. Извори на финансирање на програмата

Програмата предвидува приходна ставка од:

1 Буџетот на Општина Берово за 2020 год. во износ 1.490.200,00 ден

2. Нацрт Програма за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2020 година

Општина Берово преку Одделението за Локален Економски Развој, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените и дефинирани стратешки цели и приоритети ја базира Програмата за подршка на локалниот економски развој за буџетската 2020 година.

2.1 Операционализација на Стратегија за локален економски развој преку партиципативно учество на заедницата

2.1.1. Финансирање на локални микро проекти за поттикнување на локалниот економски развој преку модел на ЈАВЕН ПОВИК за предлог проекти согласно стратегијата за развој со вклучување на МЗ, МСП, НВО за предлози кои се од јавен интерес за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните за 2020 година.

Предвиден буџет 300.000,оо ден

2.1.2. Организирање на Форуми во заедницата во согласност со Статутот на ЕЛС Општина Берово
Предвиден буџет

2.1.3. Спроведување на Интегрираниот план за локален развој на општина Берово за 2019-2022 година.

Предвиден буџет
Вкупно планиран буџет за 2.1: 300.000,оо ден

2.2. Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото

Предвидените активности за поддршка се во согласност со националната развојна политика за претприемништво и националната стратегија за развој на МСП во смисла на создавање на глобална рамка за развој на поволна деловна клима. Еден од субјектите преку кој ќе се иницира подобрување на развојот во регионот со подобрување на претприемачкиот дух во заедницата како иницијатива која ќе помогне на младите лица да отпочната свој бизнис, воведдување на нови технологии, промоција и обуки за неговите членови, поттикнување на прекуграничната соработка во координација со локалната самоуправа е АВРСМ Центар за вработување во Берово, регионалните институции како што е Центарот за развој на источниот плански регион и во неговите рамки формираниот Регионален Бизнис Центар на ИПР, Фондот за иновации како и други заинтересирани страни.

Малите и средните претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој и поради тоа потребно е континуирано да се работи на изнаоѓање стимулативни мерки за отварање на нови МСП, но исто така треба да им се даде поддршка на постоечките претпријатија во Општина Берово во нивните напори да најдат нови пазари и да ја подобрат својата конкурентност, со што ќе се даде придонес во развојот на локалната економија, отварањето на нови работни места и намалувањето на невработеноста во Општина Берово преку програмите на АВРСМ.

Поддршката во развојот на МСП и претприемништвото е планирана да се реализира преку следниве активности:

- Модели на соработка со МСП, НВО, фондации и заинтересирани групи на граѓани

2.2.1. Заедничка промоција и маркетинг (заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на општината и стопанството). Настапот на саеми надвор од општината како и организација на општински саеми би се реализирала по пат на меѓусебно партнерство.

2.2.2. Обуки за подигнување на вештини и знаења (организација на обуки за информирање, едуцирање, доквалификации или преквалификации на човечките ресурси во стопанството).

2.2.3. Поддршка на активнстите за промоција на постојните капацитети и соработка со можни инвеститори (постојни хали и изнамјување на истите, опрема и човечки ресурси)

2.2.4. Одржување на работни состаноци на постојаното работно тело на новоформираниот „Локален Економски Социјален Совет“ (ЛЕСС) при општина Берово

Вкупно планиран буџет за 2.2.

2.3. Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој

Искористувањето на сите ресурси во функција на локалниот економски развој, согласно стратегиите за развој на Општина Берово, се темели на рационалната употреба преку следниве активности:

2.3.1.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од ИПАРД 2 програмата како и за средствата од АФПЗРР.

Едукативните семинари ќе ги опфатат некои од мерките во Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на европската унија ИПАРД 2014-2020 како што се:

•Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства
•Поддршка за воспоставување на групи на производители
•Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на
•земјоделски и рибни производи
•Агроеколошки мерки и органско производство
•Спроведување на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап
•Инвестиции во рурална јавна инфраструктура
•Диверзификација на земјоделски стопанства и развој на бизнис
•Воспоставување и заштита на шуми

Семинарските и едукативни работилници за подигање на капацитетите на потенцијалните корисници ќе се организираат преку предавања на експертите од МЗШВ, а во соработка со одделението за локален економски развој, за аплицирање и подготовка на проекти.

2.3.2. Поддршка на проекти и програми за искористување на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој поврзани со инфраструктурни планови, уредување

на туристички и излетнички локалитети во руралните области. Зафатите би се реализирале преку кофинансирање на проектите со средства од АФПЗРР и други агенции.
Учество за финасирање по јавниот повик бр. 07/2018 за проектот „Рехабилитација на дел од локален пат за пристап до земјоделско земјиште од с.Русиново до м.в Безгаштево“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година”, Мерка 124-Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството наменети за:
Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште во висина од 180.000,00 ден. Вкупната вредност на проектот е 1.180.000,00 ден.
Буџетско учество за финасирање по јавниот повик бр. 08/2018 за проектот „Партерно уредување и урбана опрема за Зелен пазар во Берово“за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година”, Мерка 123-Инвестиции за преработка и маркетинг на
земјоделски производи подмерка 123.3-Инвестиции во пазарна инфраструктура за постбербени активности во висина од 1.848.000,00ден преку АФПЗРР за набавка и монтажа на тезги. Вкупната вредност на проектот е 3.696.000,00 ден без ддв.

Предвиден буџет
Вкупно планиран буџет за 2.3.

2.4. Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки

Еден од најважните аспекти за развој на локалната економија е поттикнувањето на партнерствата и зајакнување на стопанството преку воведување на стимулативни мерки.
Согласно Стратегиите за развој на Општина Берово и стратешките цели во делот на локалната економија од развојниот акционен план, предвидено е да се реализираат:

2.4.1. Етно плоштад фестивал-Саем на алтернативни форми на туризам-Малешевијата на дланка
(Понуда, храна, активности, сместување).
Саемот во организација на Општина Берово, треба да овозможи презентација на целокупната понуда во сегментот на алтернативните форми на туризмот како стопанска гранка која што најнепосредно носи економски бенефит на најширок круг на семејства и граѓани на општината. Веќе една деценија station наназад ова е најбрзорастечкиот сегмент во туризмот на глобално ниво. Воедно тоа ќе претставува и вистинска можност за воспоставување на меѓусебни мрежи и асоцијации за соработка и заеднички настап на хотелиерите, туристичките организации, туроператори и даватели на услуги, а ќе се реализира како:

оТрадиционална култура, обичаи, манифестации и фолклор
оЕтно работилница: Традиционална облека храна обичаи и др,
оМалешевијата на дланка, продажен дел на ракотворби, сувенири и еколошки производи (здрава храна),
оПрезентација на традиционалната кујна од малешевијата
оРепарација на постојните и изработка на дрвени тезги

Предвиден буџет

2.4.2. Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини од земји членки на ЕУ во функција на искористување на средства од ЕУ фондови особено од Програмата Европа за граѓаните и др. За реализација на овие активности е неопходно да се организираат работни посети на представници од сите свери во Општината Берово. Трошоците се предвидени во рамки на буџетот од проектот во вид на патување, престој и материјали за средбите. Овие активности се планирани да се реализираат во 2020 година преку ПРОГРАМАТА COSME во рамки на Мерката "Networks of Town" of the Europe for Citizens

Programme - named "EU Citizens' Action for Smart Historic Villages" (Acronym: EuSave) во која партнери се 8 земји од ЕУ.

Предвиден буџет
Вкупно планиран буџет за 2.4:

2.5. Средства за учество во имплеметација на проекти

Според утврдените правила при апликацирање за одредени проекти, во зависност од донаторот се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се исполнат и се основен предуслов за аплицирање на проекти за одредени програми. Секој донатор определува посебни услови кои локалната самоуправа треба да ги обезбеди како составен дел од апликацијата за соодветниот проект. Со оваа ставка се предвидуваат средства за сопствено учество во следните области:

2.5.1. Буџетско учество за финасирање со повраток на средствата по одобрена ревизија за реализација на проекти од ИПА фоондовите Interreg-IPA CBC PROGRAMME: 2014TC16I5CB006-2018-2 за проектот „ Заштита на жителите од една планина долж две реки“ за кој средствата се рефундираат после извршена ревизија и одобрување за прифатливи трошоци за двата партнери ЕЛС општина Берово и Општина Струмјани. Истите се дел и од развојните програми а како проекти одобрени и усвоени од Советот на општина Берово. Вкупната финасиска конструкција за проектот е 24.587.003,00 денари (399.788,66 еур) и ќе се имплементира во период од 2 години.

Предвиден буџет

2.5.2. Учество во проектот на УНДП „Зајакнување на општинските совети“, кој е финансиски поддржан од СДЦ каде општината ќе го покрие трошокот за ангажман на лиценциран модератор/модераторка за модерирање на форумите во заедницата или буџетските форуми и инсталирање на е-контролната табла на општинската веб-страница со податоци за извршување на буџетот на тромесечна и на годишна основа. Во рамки на копонетата 2 - Зајакнување на советите на општините преку финансиска поддршка (мали грантови) за приоритетни активности на општините што се избрани врз основа на јавни консултации се предвидени 50.000 CHF (2.804.725,00 мкд).

Предвиден буџет 60.000.оо ден

2.5.3 Учество во проектот „Солидарност во заедницата“ за Општинско корисна работа од 20% согласно договорот бр. 03-2741/5 од 01.10.2019 година помеѓу Општина Берово, АВРСМ и УНДП во висина од 705.600,00 мкд со I квартал 81.000,00 мкд, II квартал 16.200,00 мкд. Во рамки на проектот се ангажирани 15 невработени лица во три области и тоа: грижа за стари и изнемоштени лица, образовни асистенти и грижа за деца од предучилиши установи (негователи и воспитувачи).

Предвиден буџет 97.200,оо ден

Вкупно планиран буџет за 2.5. 157.200, оо ден.
2.6. Други оперативни расходи и договорни услуги
За реализација на активностите на Програмата за подршка на локалниот економски развој за 2020 година, потребни се средства кои се наопходни за реализација на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат предвидените содржини во 2020 година

2.6.1. Одржување и контрола на Системот за управување со квалитет по новиот стандард ISO 9001:2015 спроведување на Политиката за квалитет, која е дел од целокупната работна политика на институцијата и е заснована на примена и одржување на работен систем и на принципот за унапредување со квалитетот. Целта е потполно задоволување на барањата и воспоставување на новиот стандардот ISO 9001:2015, потребите и очекувањата на корисниците, со став за континуирано подобрување на системот за управување со квалитетот и зголемување на ефективноста и ефикасноста на комплетното работење на ЕЛС Општина Берово.

Предвиден буџет 200.000.оо ден

Вкупно планиран буџет за 2.6. 200.000.00 ден.

2.7 Подготовка на проекти

Успешноста и реализацијата на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за Локален економски развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обученост и стручност, затоа е неопходно континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за ЛЕР и приближување кон европските стандарди.

Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирана е да се оствари преку:

2.7.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции

Предвиден буџет 0.оо ден

2.7.2. Превод на проектна документација и стручна литература

Предвиден буџет 50.000.оо ден

2.7.3. Консултантски услуги за специфични проектни активностии подготовка на проектна документација

Предвиден буџет 100.000,оо ден

Вкупно планиран буџет за 2.7: 150.000.оо ден.

2.8. Опрема и софтвери за ИКТ

За потребите на администрацијата и нејзино секојдневно функционирање а со цел подобра испорака на услугите кон граѓаните и компатибилност при користењето на е-апликациите потребно е да се изврши обновување на застарената ИКТ опрема, набавка и замена на потрошен материјал и делови за опремата. Од особено значење е обновување на лиценцираните софтверите со кои одредени области на давање на услуги кон крајните корисници (граѓаните и фирмите) се користат од страна на општината како и воведување на нови софтверски решенија со цел ефикасно и ефективно работење на институцијата без влијание на човечкиот фактор. За непречено функционирање на ИТ и работата на службениците потребно е и целосна реконструкција на интернет мрежа во Општина Берово.

2.8.1. Набавка ИКТ опрема за компатибилност при користењето на е-апликациите со лиценциран софтвер, Мултифункционален принтер, Принтер во боја, UPS батерија.

Предвиден буџет 300.000.оо ден

2.8.2. Набавка на дополнителен простор на хостинг за веб страна за службени емаил адреси 30 емаил адреси со 1Gb простор (вкупно 30 GB)

Предвиден буџет 3.000,00.оо ден

2.8.3. Набавка на Клиентски софтвер за анти-вирусна заштита на работни станици (Microsoft Windows 10 Pro, 8.1 Pro, 8 Pro,7 Pro, Vista SP2, XP Pro SP3), мобилни уреди (Android 4.x – 7.0 ; iOS 8.0 – 9.3; Windows Phone 8.1, 10) и сервери (Microsoft Windows Server 2003 R2, 2008 R2, 2012 R2) за 1 година

Предвиден буџет 80.000,00.оо ден

2.8.4.Одржување на ЛТАС софтвер за локални даноци и такси по склучен договор со АСПЕКТ доо Скопје

Предвиден буџет 43.000.оо ден

2.8.5. Одржување на Интегриран систем за финансиски менаџмент по склучен договор со ЕДУСОФТ од Скопје во кој се опфатени:
1.Финансово работење со следење на буџет,
2. Плати со кадровска евиденција,
3.Благајничко работење,
4.Основни средства,
5.Ситен инвентар

Предвиден буџет 40.000.оо ден

2.8.6. Одржување на Пакет за Канцелариско и архивско работење 2.0 со скенирање и дистрибуција,Информационен систем за инспекциски надзор, ,Информационен систем за патен сообраќај, ,Информационен систем за уписник ИП1,Евиденција на предмети од првостепена управна постапка УП1 и Евиденција на предмети од преставки и предлози УПП

Предвиден буџет 79.000.оо ден

2.8.7. Одржување на компјутери и принтери

Предвиден буџет 138.000.оо ден
Вкупно планиран буџет за 2.8: 683.000,00 ден.
ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.490.200,00 ДЕН

3. Рекапитулар

НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2020 ГОДИНА

| Бр. | Активност | Опис | Износ - Планирано МКД |
|---|---|---|---|
| 2.1. | **Операционализација на Стратегија за локален економски развој преку партиципативно учество на заедницата** | 2.1.1. Финансирање на локални микро проекти за поттикнување на локалниот економски развој преку модел на ЈАВЕН ПОВИК за предлог проекти согласно стратегијата за развој со вклучување на МЗ, МСП, НВО за предлози кои се од јавен интерес за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните за 2020 година. | 300.000 |
| | | 2.1.2. Организирање на Форуми во заедницата во согласност со Статутот на ЕЛС Општина Берово | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2.1.3. Спроведување на Интегрираниот план за локален развој на општина Берово за 2019-2022 година. | / |
| | **Вкупно 2.1.** | | **300.000** |
| | | | |
| **2.2.** | **Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото** | 2.2.1. Заедничка промоција и маркетинг (заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на општината и стопанството). Настапот на саеми надвор од општината како и организација на општински саеми би се реализирала по пат на меѓусебно партнерство. | / |
| | | 2.2.2. Обуки за подигнување на вештини и знаења (организација на обуки за информирање, едуцирање, доквалификации или преквалификации на човечките ресурси во стопанството). | / |
| | | 2.2.3. Поддршка на активнстите за промоција на постојните капацитети и соработка со можни инвеститори (постојни хали и изнамјување на истите, опрема и човечки ресурси) | / |
| | | 2.2.4. Одржување на работни состаноци на постојаното работно тело на новоформираниот „Локален Економски Социјален Совет“ (ЛЕСС) при општина Берово | / |
| | **Вкупно 2.2.** | | **0,00** |
| | | | |
| **2.3.** | **Рационална употреба и искористување на природните ресурси во функција на локалниот економски развој** | 2.3.1.Едукативно информативни работилници и семинари за можностите за искористување на средствата од **ИПАРД програмата** како и за средствата од **АФПЗРР.** Едукативните семинари ќе ги опфатат сите Мерки од ИПАРД 2 програмата и тоа:<br>• Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства<br>• Поддршка за воспоставување на групи на производители<br>• Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на<br>• земјоделски и рибни производи<br>• Агроеколошки мерки и органско производство<br>• Спроведување на стратегии за локален развој – ЛЕАДЕР пристап<br>• Инвестиции во рурална јавна инфраструктура и др.<br>• Диверзификација на земјоделски стопанства и развој на бизнис | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2.3.2.. Учество за финасирање по јавниот повик бр. 07/2018 за проектот „Рехабилитација на дел од локален пат за пристап до земјоделско земјиште од с.Русиново до м.в Безгаштево“ од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година”, Мерка 124-Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделството, шумарството и водостопанството наменети за:<br>Инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште во висина од 180.000,00 ден. Вкупната вредност на проектот е 1.180.000,00 ден.<br>Буџетско учество за финасирање по јавниот повик бр. 08/2018 за проектот „Партерно уредување и урбана опрема за Зелен пазар во Берово“за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година”, Мерка 123-Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделски производи подмерка 123.3-Инвестиции во пазарна инфраструктура за постбербени активности во висина од 1.848.000,00ден преку АФПЗРР за набавка и монтажа на тезги. Вкупната вредност на проектот е 3.696.000,00 ден без ддв. | |
| | **Вкупно 2.3.** | | **0,00** |
| **2.4** | **Поттикнување на партнерства и стимулативни мерки** | 2.4.1. Етно плоштад фестивал-Саем на алтернативни форми на туризам-Малешевијата на дланка | / |
| | | 2.4.2. Воспоставување на партнерски односи со Европски градови и општини од земји членки на ЕУ) исклучиво во функција на користење на средства од ЕУ фондови. ПРОГРАМАТА COSME која е аплицирана на Мерката "Networks of Town" of the Europe for Citizens Programme - named "EU Citizens' Action for Smart Historic Villages" (Acronym: EuSave) во која партнери се 8 земји од ЕУ. | **/** |
| | **Вкупно 2.4.** | | **0,00** |
| **2.5.** | **Средства за учество во имплеметација на меѓународни проекти** | 2.5.1 Буџетско учество за финасирање со повраток на средствата по одобрена ревизија за реализација на проекти од ИПА фоондовите Interreg-IPA CBC PROGRAMME: 2014TC16I5CB006-2018-2 за проектот „ Заштита на жителите од една планина долж две реки“. | / |
| | | 2.5.2. Учество во проектот на УНДП „Зајакнување на општинските совети“, кој е финансиски поддржан од СДЦ каде општината ќе го покрие трошокот за ангажман на лиценциран модератор/модераторка за модерирање на форумите во заедницата или буџетските форуми и инсталирање на е-контролната табла на општинската веб-страница со податоци за извршување на буџетот на тромесечна и на годишна основа. | 60.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2.5.3. Учество во проектот „Солидарност во заедницата“за Општинско корисна работа од 20% согласно договорот бр. 03-2741/5 од 01.10.2019 година помеѓу Општина Берово, АВРСМ и УНДП во висина од 705.600,00 мкд со I квартал 81.000,00 мкд, II квартал 16.200,00 мкд. | 97.200 |
| | **Вкупно 2.5.** | | **157.200,00** |
| **2.6.** | **Оперативни расходи договорни услуги** | 2.6.1. Одржување и контрола на Системот за управување со квалитет по новиот стандард ISO 9001:2015 спроведување на Политиката за квалитет, која е дел од целокупната работна политика на институцијата и е заснована на примена и одржување на работен систем и на принципот за унапредување со квалитетот. Целта е потполно задоволување на барањата и оддржување на стандардот ISO 9001:2015, потребите и очекувањата на корисниците, со континуирано подобрување на системот за управување со квалитетот и зголемување на ефективноста и ефикасноста на комплетното работење на ЕЛС Општина Берово. | 200.000,00 |
| | **Вкупно 2.6** | | **200.000,00** |
| **2.7.** | Подготовка на проекти | 2.7.1. Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции | 0,00 |
| | | 2.7.2. Превод на проектна документација и стручна литература | 50.000 |
| | | 2.7.3. Консултантски услуги за специфични проектни активностии подготовка на проектна документација | 100.000,00 |
| | **Вкупно 2.7** | | **150.000,00** |
| **2.8.** | Опрема за ИКТ | 2.8.1. Набавка ИКТ опрема за компатибилност при користењето на е-апликациите со лиценциран софтвер, Мултифункционален принтер,Принтер во боја, UPS батерија | 300.000,00 |
| | | 2.8.2 Набавка на дополнителен простор на хостинг за веб страна за службени емаил адреси 30 емаил адреси со 1Gb простор (вкупно 30 GB) | 3.000,00 |
| | | 2.8.3. Набавка на Клиентски софтвер за анти-вирусна заштита на работни станици (Microsoft Windows 10 Pro, 8.1 Pro, 8 Pro,7 Pro, Vista SP2, XP Pro SP3), мобилни уреди (Android 4.x – 7.0 ; iOS 8.0 – 9.3; Windows Phone 8.1, 10) и сервери (Microsoft Windows Server 2003 R2, 2008 R2, 2012 R2) за 1 година | 80.000,00 |
| | | 2.8.4.Одржување на ЛТАС софтвер за локални даноци и такси по склучен договор со АСПЕКТ доо Скопје | 43.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 2.8.5. Одржување на Интегриран систем за финансиски менаџмент по склучен договор со ЕДУСОФТ од Скопје во кој се опфатени:<br>1.Финансово работење со следење на буџет,<br>2. Плати со кадровска евиденција,<br>3.Благајничко работење,<br>4.Основни средства,<br>5.Ситен инвентар | 40.000,00 |
| | | 2.8.6. Одржување на Пакет за Канцелариско и архивско работење 2.0 со скенирање и дистрибуција,Информационен систем за инспекциски надзор, ,Информационен систем за патен сообраќај, ,Информационен систем за уписник ИП1,Евиденција на предмети од првостепена управна постапка УП1 и Евиденција на предмети од преставки и предлози УПП | 79.000,00 |
| | | 2.8.7. Одржување на компјутери и принтери | 138.000,00 |
| | **Вкупно 2.8** | | **683.000,00** |
| | **ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2020** | | **1.490.200,00** |

Број 09-4524/1
19.12.2019 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

## З А К Л У Ч О К
за објавување на

## П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Берово за 2020 година во областа на туризмот

Се објавува П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово за 2020 година во областа на туризмот, Бр.09-4525/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/9
20.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 16 став 1 точка 3, со член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 27-та седницата одржана на 19.12.2019 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Берово за 2020 година**
**во областа на туризмот**

**Г2 Поттикнување на развојот во туризмот**

**Вовед**

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедницата при што се преземаат мерки и активности, форми и облици за одржлив развој. Програмата за поттикнување на туризмот се однесува на луѓето од локалната заедница кои меѓусебно соработуваат со цел да се постигне одржлив развој на туризмот со одржлив економски пораст, кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на туризмот и воедно подобрување на квалитетот на живот за сите во заедницата. Со стратешкото планирање и развојот на туризмот во Општина Берово, локалната заедница врши конкретен чекор кон спроведување на ефектите од децентрализацијата како процес и јакнењето на демократските односи, а посебно вклучување на граѓаните во процесот на одлучување.

Активностите во програмта се темелат врз предвидените развојни цели и програми преку Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029 која започна да се подготвува кон крајот на 2018 година, а е финансирана по поднесениот предлог од објавениот ЈАВЕН ПОВИК за субвенционирање на седум општини за изработка на локални Стратегии за развој на туризмот од Министерството за економија.

Стратегијата е усвоена со Одлука за донесување на Стратегија за развој на туризмот во Општина Берово 2019 – 2029 година, Бр.09-2447/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 12.07.2019 година година во соработка со локалните чинители и со помош на експерти од областа на туризмот. Предлозите и насоките за развој се одвиваа во неколку сесии на кои граѓаните, институциите, бизнис заедницата и граѓанските организации дава предлози за развој на туризмот во општината.

**Стратешки проиритети**

Согласно програмските цели и планови во Европската унија за 2020 година Македоија е предложена за една од топ 10 дестинациите во Европа. Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратешките документи на општината и усвоените приоритети во кои пред се спаѓа Интегрираниот план за локален развој на општина Берово за 2019-2022 година. Развојот на туризмот е еден од столбовите за одржлив развој на општината. Берово е една од туристичките дестинации која е препознаена во земјава и пошироко во регионот. Програмата ги дефинира оснвните параметри и во истата по изработка на Стратегијата ќе се релизираат приоритетните активности кои во текот на 2020 ќе бидат вклучени и тоа:

- Дефинирање на туристичкиот производ и понуда и нивна промоција и презентација,
- Подобрување на квалитетот на постојната и изградба на нова инфраструктура,
- Институционално јакнење и развој на човечки ресурси,
- Утврдување на Берово како сериозна туристичка дестинација
- **Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

Согласно ингеренциите на локалната самоуправа со процесот на децентрализација во областа на туризмот, во надележност на градоначалникот е водење на регистар на физички

лица кои имаат сместувачки капацитети од мал обем до 20 легла. Преку одделението за ЛЕР ќе продолжат активностите за евиденција, регстрација и категоризација на сместувачките капацитети од мал обем.

**Промоција на туристичката понуда**

Промоција на туристичката понуда на Берово и регионот ќе се врши преку електронските и печатени медиуми, учество во радио и тв емисии, поставување на банери на туристички портали. За таа цел ќе се изработат промотивни печатени материјали и ќе се понудат можности за заедничко учество на саеми.

Во рамки на стратешките определби за развој на туризам, а со тоа и на севкупниот економски развој, општина Берово има потреба од изградба на дополнителни рекреативни и спортски содржини за збогатување на туристичката понуда особено во локалитетот на Беровско езеро.

Со проектот „Одржливо управување на природните ресурси во микро регионот Пијанец – Малеш“ се оствари рамнотежа на економските, социјалните и целите за зачувување на природата и нивно интегрирање во заедницата. Проектот се реализира во текот на 2019 година, а преку набавената опрема и материјали во текот на 2020 година ќе се стави во функција Туристичкиот информативен пункт во центарот на градот.

Табеларен преглед на активности:

**Завршни одредби**

Градоначалникот на општина Берово го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Берово”.

| **Активност** | **временски рок** | **буџет (МКД)** |
|---|---|---|
| Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација) | јануари- декември | / |
| Промоција на туристичката понуда преку веб портал со нова технологија (360 интеркативна памнорама од воздух и исти такви направени од земја, со поставување на ознаки за објекти од туризам, споменици, музеј, хотели и сите други објекти од интерест на туристите проследени со информативни текстови, фотографии, видеа, линкови кон дтуги врб станици). Оваа активноост може да се користи во образованието, во наставата по географија и историја како и за лицата со посебни потреби кои немаат пристап до одредени локации. | февруари-декември | 60.000,00 |
| Изработка на промотивни материјали и печатење на разгледници, брошури, папки и кеси со дизајн | јануари- декември | 150 000,00 |
| Поддршка во функционирањето на ТИЦ (оперативни трошоци) | јануари- декември | 250.000,00 |
| **Вкупно** | | **460.000,00** |

Број 09- 4525/1
19.12.2019 година
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Р О Г Р А М А
за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2020 година, Бр.09-4526/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/10 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 16 став 1 точка 3, член 19 став 1 точка 3 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02 и 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 19.12.2019 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА**
**ОПШТИНА БЕРОВО за 2020 година**

**1. Вовед**

Енергетиката, вклучувајќи ги сите нејзини сегменти, има големо влијание врз правилниот и континуиран развојот на државите и поради тоа е приоритет на сите позначајни економии. Спроведувањето на мерки за зголемување на енергетската ефикасност, намалување на искористувањето на фосилните горива како и зголемување на употребата на обновливите извори на енергија, се само дел од активностите кои се превземаат со цел да се зголеми: стабилноста на снабдување со енергија, континуитетот, рационалната употреба на домашните енергетски ресурси, конкурентноста, како и да се намалат: зависноста од увоз на електрична енергија, негативните влијанија врз животната средина предизвикана од Климатските промени.

Изработката на Програм за енергетска ефикасност на општините е законска обврска која произлегува од Законот за енергетика, Член. 132, став (1) (Сл. весник на РМ бр. 16/2011). Советот на општината, на предлог на градоначалникот, а по претходно мислење од Агенцијата за енергетика, донесува програма за енергетска ефикасност што се однесува за период од три години. Иницирањето на Програмата е со цел за подобрување на енергетската ефикасност во објектите под општинска управа, како и во јавното осветление. Исто така дополнителна цел е зголемување на свеста за рационално користење на енергијата меѓу населението во општината, а во исто време и заштеда на парични средства преку примена на мерките на енергетска ефикасност за да истите бидат употребени за понатамошно усовршување и подобрување на состојбите во објектите од јавен интерес.

Програмот е усогласен со политиката за ефикасно користење на енергијата која е утврдена со Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020 година (Службен весник на РМ, бр. 143 од 29.10.2010 година), донесена од Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за економија.

Програмот за енергетска ефикасност на Општина Берово ги содржи основните содржини кои се бараат со Законот за енергетика.

Главна цел на оваа Програма е:

- намалување на трошоците за енергија во општината, пред се во делот на општинските објекти кои се во нејзина надлежност како и за уличното осветлување;
- осигурување на нормални (стандардно комфорни) услови за престој и работа во сите простории;
- обезбедување на инфраструктурата на општината (јавното осветлување);
- намалување на емисијата на штетни материи во воздухот и околината;
- поголема примена на обновливи извори на енергија.
- Оваа цел треба да се оствари преку:
- спроведување на модернизирање на објектите кои се сопственост на општината;
- промена на навиките на сите корисници на објектите;
- обука на вработените задолжени за спроведување и следење на мерките за енергетска ефикасност;
- зголемување на свеста на жителите на општината.

Врз основа на документите за развој во современа Европа, врз основа на приоритетите во областите од надлежност во Општина Берово за кои има донесено стратегиски документи, а до кои е дојдено на партиципативен начин, со разговор со соодветните заинтересирани страни, сумирано се прикажани следните приоритети на Општина Берово за периодот 2019-2021 година:

Општи приоритети на Општина Берово:

1. Нуди услови за добар квалитет на живот за своите жители и посетители;

2. Претставува локална заедница на енергично и флексибилно стопанство што постојано расте;

3. Управува со ресурсите со кои располага на одржлив начин;

4. Негува систем на добро владеење.

Специфични приоритети:

1. Да се намали потрошувачката на енергија и трошоците за нејзино користење;

2. Да со постави топлинска изолација на елементите од од обвивката (надворешни ѕидови и покрив, таван, под) на објектите кои се во нејзина надлежност до 2021 година;

3. Да се изработат сертификати за енергетски карактеристики на сите објекти до 2021 година;

4. Преминување на сите објекти во Б енергетска класа до 2022 година;

5. Преминување на сите објекти во А класа до 2025 година;

6. Преминување на сите објекти во „Речиси 0 енергетски објекти“ до 2030 година;

7. Формирање на фонд за поддршка на проекти од областа на обновлива енергија.

## Цели на Програмата за енергетска ефикасност

Главната цел на ОПЕЕ е да ги намали трошоците за енергија во општината, пред се во делот на јавни објекти и јавно осветление. Тоа ќе се постигне со спроведување на проекти за енергетска ефикасност со цел да се зголеми свеста кај граѓаните од придобивките на креирањето на локална енергетска политика.

Стратешките цели на општината се фокусирани на подобрување на инфраструктурата и условите во образованието и културата во општината. Притоа, општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија.

-  Да се подобри внатрешната комфор во работните простории од зградите;
-  Градење на капацитет / знаење во општината – Формиран тим за спроведување на програмата;

- Поставување / воведување на програм за следење / мониторинг на користење на енергија во сите објекти;
- Имплементација на демо проектите (зависи од изнаоѓање на извори на финансирање);
- Подигнување на јавната свест за рационално користење на енергијата во регионот и поголема енергетска ефикасност во државните и општинските институции;
- Намалување на трошоците за енергија во државните и општинските институции со цел заштеда на енергија и економски придобивки;
- Формирање на фонд за поддршка на проекти од областа на обновлива енергија;
- Формирање на лоби група од претставници на граѓанскиот сектор, медиуми и експерти за поддршка на иновативни проекти од страна на локалната и централната власт кои се однесуваат на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

За остварување на поставените цели се предвидуваат партнерства на локалната самоуправа со приватниот сектор, владините институции за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и вработувањето, невладини организации, донаторските програми и инвеститори.

Општината ги поседува објектите на основните училишта, административните општински објекти, и јавното претпријатие, а обезбедува и услуги за населението, како на пример одржување на јавното осветление. Со намалување на потрошувачката на енергија, а со тоа и трошоците за енергија, се придонесува за подобрување на услугите и квалитетот на живеење на жителите во општината. Со намалување на трошоците за енергија на училиштата, сите жители кои живеат во неа ќе имаат директни придобивки од направените заштеди.

Со изработката на Програмата за Енергетска Ефикасност на Општина Берово (ОПЕЕ), општината има за цел рационално и ефикасно да ги користи сите видови на енергија и на тој начин да оствари заштеда во буџетот, преку намалена потрошувачка на енергија во периодот 2019-2021 година.

*Објекти опфатени со базата на податоци во Општина Берово*

Под управа на Општина Берово има 26 објекти: 3 административни објекти, 1 средно училиште, 9 основни училишта, 4 градинки, 1 дом за згрижување на стари лица, 2 културни објекти, 1 дом на пртоивпожарната бригада, 1 спортски објект и 1 јавно претпријатие со 4 објекти.

Во следната табела се дадени објектите кој се во надлежност на општината:

| **ОПИС** | **Специфична потрошувачка** | **Број на корисници** | **Грејна површина** | **Степен на дотраеност** | **Xi** |
|---|---|---|---|---|---|
| **kWh/m²** | | / | **m²** | / | **%** |
| **Административни објекти** | | | | | |
| Општинска зграда | 122 | 100 | 1060 | 6 | 81% |
| Мала зграда - проектна | 162 | 35 | 189 | 7 | 85% |
| **Основни училишта** | | | | | |
| ОСУ „Ацо Русковски“ | 117 | 700 | 3685 | 4 | 52% |
| ОУ „Н П - Русински“ | 169 | 142 | 1077 | 6 | 56% |
| ООУ „Д И Малешевски“ Берово | 263 | 1200 | 3800 | 2 | 93% |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Мачево | 47 | 8 | 185 | 0 | 13% |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. | 97 | 65 | 806 | 7 | 37% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Митрашинци | | | | | |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Смојмирово | 138 | 43 | 300 | 6 | 46% |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Владимирово | 203 | 32 | 370 | 8 | 65% |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Будинарци | 112 | 82 | 762 | 6 | 40% |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Двориште | 140 | 82 | 632 | 7 | 49% |
| ПУ „Д И Малешевски“ с. Ратево | 97 | 30 | 371 | 8 | 37% |
| **Социјална грижа** | | | | | |
| ОЈУДГ „23 Август“ Берово | 192 | 250 | 1280 | 4 | 68% |
| ОЈУДГ „23 Август“ с. Митрашинци | 214 | 18 | 80 | 7 | 58% |
| ОЈУДГ „23 Август“ с. Русиново | 84 | 76 | 1028 | 2 | 32% |
| ОЈУДГ „23 Август“ с. Будинарци | 183 | 20 | 62 | 8 | 52% |
| ОЈУСЗСЛ Д-р Иван Влашки | 316 | 23 | 357 | 0 | 74% |
| **Култура** | | | | | |
| Музеј на град Берово | 137 | 1 | 200 | 7 | 87% |
| Дом на кул. „Д. Беровски“ | 99 | 5 | 305 | 8 | 80% |
| **Општински услуги** | | | | | |
| ЈПКР „Услуга“ - админ. | 167 | 15 | 150 | 8 | 36% |
| ЈПКР „Услуга“ – Ф.станица | 564 | 4 | 140 | 7 | 81% |
| ЈПКР „Услуга“ – П. станица | | / | | / | |
| ЈПКР „Услуга“ С. двор | 144 | 30 | 120 | 9 | 39% |
| Противпожарен Дом | 433 | 15 | 60 | 9 | 69% |
| Пречис. станица-админ с. Мачево | 128 | 5 | 100 | 1 | 20% |
| Пречис. станица-ОЗ | | / | / | | / |
| Бизнис Инкубатор | 154 | 8 | 835 | 4 | 36% |
| **Спортски објекти** | | | | | |
| Спортска сала „Македонски бранители“ | 81 | 700 | 1610 | 4 | 100% |

Постојат повеќе пречки за развој на енергетската ефикасност во општината, меѓу кои најзначајни се:

Институционални пречки

o Повеќе се потенцираат краткорочни активности, а не долгорочно планирање на активности за енергетска ефикасност;

o Непостоење на систем за следење на потрошувачката во реално време.

Правни/ Финансиски бариери

o Малиот буџет на општината го отежнува планирањето за обнова или за спроведување на мерки за заштеда на енергија;

o Тешко се пристапува кон надворешни фондови за потребите на енергетска ефикасност;

o На општините досега не им е дозволено да се задолжуваат кај финансиските институции, без претходна согласност на Централната власт;

o Високите каматни стапки ги отежнуваат инвестициите за обнова и за примена на мерки за енергетска ефикасност и во случајот кога општината може да се пријави за добивање на кредит;

o Нејасните имотни права (државен имот/локален имот) ги отежнуваат гаранциите за кредити.

Во рамките на активностите во општината, акцентот се става на тоа како да се надминат пречките за да се подобри енергетската ефикасност.

Следниот график ја покажува просечната потрошувачка на енергија во 2016-2018 г. во

општината распределена по сектори.




Слика 1 Просечна потрошувачка на енергија во Општина Берово [kWh/god]

Целта на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово е да се намалат буџетските трошоци за енергија. Подеднакво важен е и еколошкиот аспект односно намалувањето на емисијата на штетни гасови во атмосферата.

**Долгорочни цели на Општина Берово**

Долгорочни цели односно очекувани резултати од мерките за енергетска ефикасност на општината се:

 Намалување на просечната потрошувачка на енергија (kWh/m2);
 Намалување на CO2 емисиии во атмосферата;
 Реконструкција на постоечките општински објекти;
 Подобрување на внатрешниот комфор во основните училишта и домовите;
 Навремено откривање на енергетските системи со голема потрошувачка и нивно реконструирање;
 Користење на обновливи извори на енергија.

**Плански цели на Општина Берово**

Среднорочните цели се однесуваат за периодот од 2019 - 2021 година:

 Намалување на просечната потрошувачка на енергија за 30% (kWh/m2);
 Намалување на општинските трошоци за енергија;
 Проектирање и поставување на системи за централно греење на објектите;

 Подобрување на внатрешниот комфор во општинските објекти, особено во училиштата и домовите;
 Изработка на проект за исполнување на пропишаните стандардите за уличното осветлување и спроведување на проектот;
 Намалување на штетната емисија на гасови;
 Формирање на тим за енергетска ефикасност во рамки на општината
 Континуирана работа на тимот за енергетска ефикасност и констанатно реализирање на проекти од ЕЕ
 Да се намали потрошувачката на енергија и трошоците за нејзино користење за 9% до 2021;
 Да со постави изолација на надворешни ѕидови до 2021 година;
 Да се изработат сертификати за енергетски карактеристики на сите згради до 2019 година;
 Преминување на сите објекти во Б енергетска класа до 2022 година;
 Преминување на сите објекти во А класа до 2025 година;
 Преминување на сите објекти во „Речиси 0 енергетски објекти“ до 2030 година;
 Формирање на фонд за поддршка на проекти од областа на обновлива енергија;
 Обука за енергетска ефикасност наменета за лицата од објектите задолжени за енергија.

Проценката за нивото на потрошувачка на енергија (топлинска и електрична) во општината без спроведување и со спроведување на мерки за енергетска ефикасност во периодот 2019 – 2021 година, прикажана е на следниот график. Во Програмата е обработен 3 годишниот период т.е. 2019-2021 година.
Со изработката на следниот тригодишен план, овој тренд може да се намали и дури да се обезбеди и натамошно смалување на потрошувачката на енергија.




**Слика 2: Проценет развој на потрошувачката на енергија во период од 2019 до 2021 година**

**Реконструкција на објекти**
Предвидените мерки (сите идентификувани мерки) за објектите кои се во владение на Општина Берово се концентрирани на реконструкција на објектите со акцент на градежни зафати.
Во категоријата на реконструкција на објектите спаѓаат мерките кои вршат значително подобрување на термичките карактеристики на објектите и притоа придонесуваат за намалена потрошувачка на топлинска енергија.
Оваа категорија опфаќа:
- Поставување на топлинска изолација на надворешните ѕидови на објектите – **10cm EPS или камена волна од надворешна страна, избрано врз основа на изработен основен проект;**

- Промена на постоечките прозорци во централното училиште кои се со алуминиумски рамки – **поставување на прозорци со 6 коморна PVC рамка и тројно застаклување;**
- Поставување на топлинска изолација на покривите/таваните на објектите – **10 до 15 cm минерална волна;**
- Изолирање на подот на објектот – **5 cm тврдо пресован EPS (стиропор).**

Во следната табела се прикажани возилата во сопственост на Противпожарната бригада на општина Берово:

| **Транспорт** | Година на призводство | Изминати километри | Изминати километри на година | Вид на гориво | EURO стандард | Годишна потрошувачка на гориво | Годишна потрошувачка на гориво |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Патнички возила** | | [km] | [km/god] | | | [lit/god] | [kWh/god] |
| LADA NIVA | 1994 | 800000 | 42105 | Бензин | ЕУРО 1 | 1000 | 8780 |
| **Товарни возила** | | | | | | | |
| FAP 14/14 | 1987 | 100000 | 3846 | Дизел | | 1000 | 9860 |
| FAP-192/36 | 2001 | 10000 | 833 | Дизел | ЕУРО 3 | 1000 | 9860 |
| **Друго** | | | | | | | |
| BREMAC | 2009 | 5000 | 1250 | Дизел | ЕУРО 4 | 500 | 4930 |

Возен парк на Противпожарната бригада во општина Берово

**Јавно осветлување**

Сегашната ситуација со јавното осветлување покажува дека поставените светилки се несоодветни и не ги исполнуваат минималните карактеристики за јавно осветлување и поради тоа треба да се направи проект за јавното осветлување.

Како мерка за енергетска ефикасност се предлага замена на живинте светилки и тоа:
- 250 W живина со 150 W натриумова светилка;
- 125 W живина со 70 W натриумова светилка;
- 80 W живина со 70 W натриумова светилка.

| **Единечна моќност на светилка [W]** | **Вкупна инсталирана моќност по тип [W]** | **Работни часови во година [h/god]** | **Потрошувачка на електрична енергија [kWh/god]** | **Замена на постоечки со натриумови со исти к-ки [W]** | **Потрошувачка на електрична енергија [kWh/god]** | **Заштеда [kWh/god]** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 250 | 10750 | 4140 | **44505** | 150 | **26703** | **17802** |
| 125 | 75750 | 4140 | **313605** | 70 | **175619** | **137986** |
| 80 | 3360 | 4140 | **13910** | 70 | **12172** | **1739** |
| 55 | 7260 | 4140 | **30056** | 55 | **30056** | **0** |
| 44 | 6380 | 4140 | **26413** | 44 | **26413** | **0** |
| 33 | 8613 | 4140 | **35658** | 33 | **35658** | **0** |
| 25 | 1950 | 4140 | **8073** | 25 | **8073** | **0** |
| 17 | 1734 | 4140 | **7179** | 17 | **7179** | **0** |
| 15 | 780 | 4140 | **3229** | 15 | **3229** | **0** |
| **ВКУПНО** | | | **482629** | | **325102** | **157527** |

Карактеристики на системот за улично осветлување пред и после мерки

*Согласно горната табела, доколку се заменат живините светилки со натриумови, тогаш би се добила заштеда на електрична енергија од 157527 kWh/god што пак ќе придонесе за заштеда на финансиски средства од 1.033.503,00 денари. Периодот на поврат на средствата за новите светилки е под 3 години.*

| **Предложено сценарио за 2020 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Заштеди на финална енергија [kWh/год], [m3/год] | Парични заштеди [MKD/год] | Потребни вложувања [MKD] | Период на враќање на вложувања [год] | Намалување на емисии на CO2 [tCO2/год] |
| Општинска зграда | 57126 | 373605 | 2719850 | 7.3 | 15.25 |
| Мала зграда - проектна | 14192 | 92817 | 830304 | 8.9 | 4.07 |
| | **71318** | **466422** | **3550154** | **7.6** | **19.33** |

| | Заштеди на финална енергија [kWh/год], [m3/год] | Парични заштеди [MKD/год] | Потребни вложувања [MKD] | Период на враќање на вложувања [год] | Намалување на емисии на CO2 [tCO2/год] |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈПКР „Услуга“ – Ф.станица | 7478 | 11216 | 537487 | 48 | 0.15 |
| Противпожарен Дом | 10955 | 19719 | 423526 | 22 | 0.22 |
| Дом на кул. „Д. Беровски“ | 10951 | 16099 | 1521933 | 95 | 0.22 |
| | **29384** | **47034** | **2482946** | **53** | **0.59** |

**Слика Гантограм на активности за предложено сценарио за период 2020 г.**

ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА БЕРОВО 2019-2021

Слика 7 Гантограм на активности за предложено сценарио за период 2019-2021 г




Општинска зграда

Поставување на топлинска изолација на надворешни ѕидови
Поставување на топлинска изолација на таван
Поставување на топлинска изолација на под
Нови ПВЦ прозорци

Мала зграда – проектна

Поставување на топлинска изолација на надворешни ѕидови
Поставување на топлинска изолација на таван
Поставување на топлинска изолација на под

ЈПКР „Услуга“ – Ф.станица

Поставување на топлинска изолација на надворешни ѕидови
Поставување на топлинска изолација на таван
Нови ПВЦ прозорци

Противпожарен Дом

Поставување на топлинска изолација на надворешни ѕидови
Поставување на топлинска изолација на таван
Нови ПВЦ прозорци

Дом на кул. „Д. Беровски“

Поставување на топлинска изолација на надворешни ѕидови
Поставување на топлинска изолација на таван
Поставување на топлинска изолација на под
Нови ПВЦ прозорци

Со примената на Програмата за енергетска ефикасност, условите за работа и престој на жителите на Општина Берово ќе биде значително подобрена, со подобри услови за комфор на сите засегнати страни.

Исто така, се намалува потрошувачката на енергија со што финансиските заштеди, можат да се искористат за подобрување на останатите услуги во Општина Берово.

**Дополнителни придобивки**

Во дополнителните придобивки што општината ги има со спроведување на програмата за енергетска ефикасност се вбројуваат:

- Подобрување на здравјето на децата во образовните објекти и условите за учење преку обезбедување на постојано и рамномерно греење, како и подобрување на проветрувањето во училишните простории;

- Подобрување на квалитетот на живеење во општината.

Преку реализација на програмата за енергетска ефикасност ќе се подобрат услугите што ги дава општината. Како прво, преку зголемување на свеста за енергетска ефикасност во општината ќе се намалат загубите на енергија кои се последица од недостиг на топлинска изоалција на елементите на обвивката на објектите кои се во надлежност на општината и недостиг на сопствени системи за централно греење во објектите. Со исполнувањето на овие недостатоци ќе се подобрат условите за работење во објектите, притоа требада се напомене дека е потребно да се зголеми свеста редовно за одржување на објектите и системите со што се продолжува нивниот работен век, а притоа навремено се воочуваат грешки, слабости и се иницира потреба за интервенција. Преку одржување и надградба на базата на податоци за објектите и јавното осветление ќе се има увид во потребите за интервенции и инвестирање во општината, а со тоа ќе се даде важност на мерките за енергетска ефикасност според утврдените критериуми на општината.

Број 09-4526 /1
19.12.2019 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2020 година Бр.09-4527/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/11 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 19.12 .2019 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2020 година**

## I ВОВЕД

Со Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Берово за 2020 година, се утврдуваат нејзините цели и активности и висината на средствата за нивно финансирање.

Програмата ги дефинира целите на културананата политика на општина Берово кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој на општината во 2020 година.

Со цел програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни културни содржини кои ќе ги одразат јавните потреби на општината во областа на културата, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

Организацијата и реализацијата на културните настани и сите активности во програмата ќе придонесат во изградбата на моделот на културно живеење, планирањето на развојот во културните области, подобро остварување на културното создавање и дистрибуција на културните вредности и културната соработка, како неопходност во афирмацијата на културните вредности од општината во другите средини и обратно.

Со оваа Програма, врз основа на критериумите за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

Културните настани значително ја зголемуваат туристичката понуда на Берово како туристичка дестинација. Врз база на објавениот конкурс од страна на Министерство за култура на РМ, како и години наназад Општина Берово аплицира на годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата, од каде се очекува Министерството да финансира голем дел од активностите предвидени во програмата.

## II ЦЕЛИ

Основна цел на Програмата е, да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:

-квалитетен културен живот на ниво на општината со обезбедување на богата, разновидна програма за сите возрасти;
- афирмација на материјалното, духовното и културното наследство;
- афирмација на културните разноликости на припадниците на етничките зедници;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општината;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности;
- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни изведби;
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- вклученост на повеќе субјекти и финансирање од повеќе извори;

**КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ОД ПОСЕБЕН ИНТЕРЕС ЗА ОПШТИНА БЕРОВО**

| ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Празници, манифестации, настани | Активности | Носители на активноста | Извори на средства | |
| | | | ЕЛС | Други извори |
| **19 јануари Водици** | Подарок за лицето кое ќе го фати крстот | Општина Берово | 6000,00 | |
| **Ратевски бамбурци** | План на активности поднесен од организациони одбори | Организационен одбор с.Ратево | 100 000,00 | МЗ с.Ратево |
| **1 Април Детски маскембал со учество на децата од детската градинка и основните училишта** | Дефиле на учесниците | Детска градинка „23 Август“ Берово<br>ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово<br>ООУ„Никола Петров Русински“ с. Русиново | | |
| **Велигден Одбележување на најголемиот христијански празник** | Организирање изложба на најубаво украсени велигденски јајца | Детска градинка „23 Август“ Берово<br>ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово<br>ООУ„Никола Петров Русински“ с. Русиново | 10 000,00 | |
| **8 мај – Светски ден на Црвениот крст и црвената полумесечина** | Организирање:<br>-хуманитарна акција<br>-крводарителска акција | Општина Берово во соработка со Црвен крст на РМ | | |
| **мај Матурски бал** | Дефиле на учесниците | ОСУ„Ацо Русковски “Берово | 10 000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **20 мај** | Одбележување на денот на пожарникарите | Општина Берово во соработка со ТППЕ | 5 000,00 | |
| **јуни Полуматуранти** | Дефиле на учесниците | ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово и ООУ „Никола Петров Русински“ | 2 000,00 | |
| **Св.Тројца С.Русиново** | Одбележување верски празник со културно-уметничка програма | МЗ с.Русиново во соработка со Општина Берово | 10 000,00 | |
| **ЕТНО ФЕСТИВАЛ** | Културна манифестација | Општина Берово | 1 500 000,00 | Министерство за култура |
| **2 август Илинден -Владимирски илинденски средби** | Културно - уметничка програма | Здружение на граѓани, с. Владимирово во соработка со Општина Берово | 40 000,00 | |
| **23 август Ден на ослободувањето на Берово** | Свечена академија со културно - уметничка програма | Општина Берово | 5 000,00 | |
| **8 септември Ден на независноста на Република Македонија** | Одбележување на Денот на независноста | Општина Берово | | |
| **18 септември Формирањето на 50-та Дивизија на НОВ и ПОМ, с. Митрашинци** | Положување свежо цвеќе | Резервни офицери на РМ, ОЕ на Берово-Пехчево во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **Недела на детето** | Театарска претстава за деца од хуманитерен карактер | Општина Берово во соработка со ООУ | | |
| **Октомври Месец на книгата** | Ликовно - поетско матине | Ученици од основните и средното училиште во соработка со Дом на култура | 5 000,00 | |
| **11 Октомври, Ден на народното востание** | Свечена академија со културно - уметничка програма | Општина Берово во соработка со Дом на култура„Димитар Беровски“ | | |
| **19 октомври Годишнина од формирањето на 51-та Дивизија на НОВ и ПОМ и бригадите во нејзиниот состав, с.Владимирово** | Положување свежо цвеќе | Резервни офицери на РМ, ОЕ на Берово-Пехчево во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **Марш до Петлец - Русиново** | | МЗ с.Русиново во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **3 декември Ден на лицата со посебни потреби** | Културно-уметничка програма во Дневен центар за лица со посебни потреби | Општина Берово во соработка со Дом на култура„Димитар Беровски“,ООУ„Дедо Иљо Малешевски“ Берово,ООУ„Никола ПетровРусински“с.Русиново, Берово;ОСУ„Ацо Русковски“Берово | | |
| **Новогодишна програма за деца и ученици** | -пречек на Дедо Мраз -новогодишен хуманитарен караван | Општина Берово | 20 000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Останати настани и манифестации, ликовни изложби** | | Општина Берово | 100 000,00 | |
| **Парична поддршка за издавање на книга** | | | 50 000,00 | |
| **Изработка на промотивен материјал за промоција на Берово** | | Општина Берово | 100 000,00 | |
| **Опрема за специјални намени- трошоци за изнајмување на бина, озвучување и осветлување** | | Општина Берово | 500 000,00 | |
| **Набавка на мобилни тоалети за разни настани** | | Општина Берово | 100 000,00 | |
| **Професионално обезбедување на културни настани и манифестации** | | Општина Берово | 30 000,00 | |
| **Сместување на гости** | Сместување на гости за време на одржување на културни манифестации | Општина Берово | 60 000,00 | |
| **Набавка на цветни аранжмани, сувенири и декорации за разни настани** | | Општина Берово | 60 000,00 | |
| **Вкупно** | **2 722 000,00** | | | |

**ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА**

| ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| Споменици и спомен обележја | Активности | Носители на активноста | Средства |
| Спомен костурница во близина на градски стадион | Реконструкција и санација | Општина Берово | 56 100,00 |
| Спомен-плочата пред Детската градинка во Берово на загинатите борци во НОВ од Малешево | Реконструкција и санација | Општина Берово | 11 200,00 |
| Вкупно | | | 67 300,00 |
| ДДВ 18% | | | 12 114,00 |
| Се вкупно | | | 79 414,00 |

**ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНОТО, ДВИЖНОТО И НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО**

| ЗАШТИТА НА НЕДВИЖНОТО, ДВИЖНОТО И НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Културно наследство | Активности | Носители на активноста | Средства | Извори на средства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Св. Архангел Михаил | Реализација на непосредна заштита, конзервација и реставрација, како и изведба на електрична инсталација на црквата Св. Архангел Михаил во Берово **по одобрена апликација од страна на Министерството за култура** | Општина Берово | 6 070 000,00 денари | Министерство за култура |
| | | | | |
| Вкупно | | | 6 070 000,00 денари | |

**ДРУГИ ВИДОВИ КУЛТУРНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ**

Поддршка на локалната самоуправа се обезбедува, освен на културните манифестации, и на други видови на културни програми и проекти – помали или поединечни програми и проекти од културата и уметничкото творештво и културно – уметничката презентација (ликовни изложби, промоции на книги, музички концерти, драмски или друг вид на претстави и сл.програми за одбележување на значајни настани и личности од поблиската историја (НОБ) и подалечната историја на Берово и Беровско, како и по повод протоколарните настани во локалната самоуправа. Оваа поддршка се обезбедува врз начелата, општите и посебните цели на оваа Програма.

**ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 2 445 414,00 денари, е предвидено во Буџетот на Општина Берово за 2019 година Програмата К4 – Културни манифестации и творештво на Буџетот на Општината и Министерството за култура на Република Македонија. Определени средства и финасии можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои што Советот на Општина Берово, на предлог на Градоначалникот ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Берово.

Предвидените културни настани ќе бидат реализирани од страна на општинската администрација, културните институции Домот на културата и Музеј на град Берово, со поддршка од основните, средното училипште и детската градинка на територијата на општината, како и граѓанскиот сектор.

**ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО**

| | |
|---|---|
| **Министерство за култура на РМ** | **7 570 000,00 ден** |
| **Општина Берово** | **1 101 414,00 ден** |
| **Спонзори и донаци** | **200.000,00 ден** |
| **Вкупно приходи за програмата** | **8 871 414,00ден** |

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во делот на активностите за организирање и поддршка на манифестации таа претставува продолжување на традиционални настани и манифестации кои се одржуваат во општината и кои се најзин белег. Посветено е внимание притоа настаните и манифестациите да го задржат карактерот на културниот идентитет на општината кој се одликува со традиционални вредности на меѓунационалне и меѓурелигиски соживот притоа потенцирајќи

ги и вредностите кои општината ги има од аспект на културно-историското минато и функционалноста кон потребите на заедницата.

Поддршката пак на институциите е допринос кој треба на истите да им помогне во профилирањето како места од каде директно ќе се практикува културата. Според нашите сознанија и искуства потребно е подиректно вмрежување на овие институции со цел нивните вредности кои ги промовираат да бидат ставени во функција во развој на културниот живот во општината.

Општината во рамките на своите надлежности во соработка со Домот на културата, Музеј на град Берово, богатството од многуте културно – историски споменици биде подостапно за граѓанинот на општината, зашто истиот по наше убедување е најдобриот промотор на културниот капацитет на општината.

Изработката на промотивен материјал за афирмирање на културно – историско богатство на општината е од базично значење за општината како во насока на сопствена промоција на културата така и во насока на поддршка и развој на туризамот како основна стратешка определба.

Број 09-4527/1 — Совет на општина Берово
19.12.2019 год. — Претседател
Берово — Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на

## Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А
### за активностите на Општина Берово во областа на односите со јавноста, комуникациите и меѓународната соработка во 2020 година

Се објавува Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Берово во областа на односите со јавноста, комуникациите и меѓународната соработка во 2020 година, Бр.09-4528/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/12 — ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. — Градоначалник
Б е р о в о — Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 8, став 2, член 22 став 1, точка 13 и член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа( Службен весник на РМ бр. 5/2002), член 140, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Берово( Службен Гласник на Општина Берово бр. 18/2007 ) , член 19,став1 точка 11 и точка 43, и член 73 од Статутот на Општина Берово (Службен Гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 27-та седницата одржана на 19.12.2019 година ја донесе следната :

# *ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА БЕРОВО ВО ОБЛАСТА НА ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА, КОМУНИКАЦИИТЕ И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ВО 2020 ГОДИНА*

## Вовед

Односите со јавност се дефинираат како функција на менаџментот која ги евалуира ставовите на јавноста, ги идентификува полиитките и процедурите на институциите кои се од јавен интерес и изработува и извршува акциони планови и програми кои водат кон јавно прифаќање и разбирање на она што е пласирано.

Програмата за комуникација овозможува одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница.

Програмата дефинира повеќе приоритетни активности од областа на комуникациите, поточно односите со јавност на локалната самоуправа со целните публики: граѓаните на Општина Берово како општа јаност и сите сегментирани јавности: медиумите, институциите, НВО Секторот и останатите заинтересирани страни.

Основната функција на Програмата за комуникација, е да ги определи начините на пренесување и видот на информациите за работата на единицата на локалната самоуправа внатре и надвор од неа.

Програмата ќе ја спроведува општинската администрација во координација со лицето одговорно за односи со јавноста, под раководство на Градоначалникот на Општина Берово и согласно со процедурата за внатрешната комуникација.

Комплексноста на односите со јавноста како концепт од една страна ја наметнува потребата од добро познавање на целните групи а од друга страна ја наметнува потребата за изнаоѓање на методологија за нови активности во насока на зајакнување на транспарентноста на општината.

***Активната транспарентност*** е релативно нов поим. Под активна транспарентност се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа за тие информации некој да има доставено до нив официјално барање за слободен пристап.

Со објавување информации на сопствена иницијатива, Општина Берово ќе остварува корист по неколку основи:

- активната транспарентност ќе помага за одговорно трошење на јавните пари;
- ќе се промовираат принципите на добро владеење и интегритет и
- ќе се зголеми ефикасноста во управување со информациите

1. Активната транспаретност подразбира едноставен и брз **пристап до информации** од Општина Берово:

- на веб-страницата да има посебено објавено за постапката за пристап до информации, листа на информации од јавен карактер, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## ОПРАВДАНОСТ

Барањата на системот за управување со квалитет базиран на меѓународниот стандард ISO9001-2015 стандард за управување со квалитет налагаат постојано подобрување на планот како во внатрешната така и во надворешната комуникација.

Системскиот пристап во областа на комуникациите, овозможува континуирано следење и анализа на комуникациите со јавноста, зајакнување на капацитетот за промоција на Општината на домашен и меѓународен план и секако на крај зголемување на задоволството на корисниците на услугите .

## Цели на програмата

### Општа цел:

1. Одржување редовна и навремена комуникација со јавноста за подобрување на информираноста за работењето на Општината и за сите други прашања од интерес на локалната заедница
2. Зголемување на задоволството на граѓаните од работењето на Општината;
3. Поголема вклученост на граѓаните во активностите од заеднички интерес и во процесот на донесување одлуки во насока на градење имиџ на отворена општина;
4. Обезбедување комуникација и распространување на информациите за посебни целни групи;
5. Подобрување на системот на внатрешна комуникација и информираност;
6. Подобрување на квалитетот на комуникациските капацитети на Општината.
7. Подобрување на транспарентноста и отчетноста на Советот на Општина Берово и подобрување на информираноста на граѓаните за работата на Советот
8. Подршка на маркетинг активностите

## Активности

- ✓ Учество во комуникацијата со јавноста за сите актери во одржливиот развој на локалната заедница
- ✓ Редовно и навремено информирање на граѓаните за работењето на Општината - (за тековни проекти, планови за нови проекти и политики, законски обрски на граѓаните, манифестации, законски измени, резултати од сработеното и др.) - подразбира систематизиран проток на информации до сите граѓани како корисници на услуги од локалната самоуправа како и на медиумите како моќни алатки за пренесување на информациите. Ваквото информирање се одвива непрекинато, во текот на целата година.
- ✓ Поттикнување на граѓаните за учество во креирањето на буџетот - значи навремено информирање заради вклучување на јавноста во процесите на одлучување. Информациите се подеднакво значајни за сите граѓани, невладините организации, месните и урбаните заедници, бизнис-секторот, а се пласираат во фази, според календарот за буџетирање на општините.
- ✓ Искористување на повратните информации од граѓаните за примена на принципот на постојано подобрување (Секогаш може подобро)
- ✓ Продлабочување на соработката со збратимените градови и изнаоѓање на нови градови со кои би можеле да бидеме збратимени во насока на развој на економија, образование, култура, туризам и слично
- ✓ Реализација на заеднички активности и проекти од локално и регионално значење
- ✓ Зајакнување на учеството на здруженија на граѓани. Мали и средни претпријатија во меѓународните активности на Општина Берово
- ✓ Зајакнување на учеството на локалните стопанственици во активностите на Општина Берово
- ✓ Зајакнување на учеството на месните заедници-истакнување на проблемите со кои се соочуваат жителите на селата
- ✓ Зајакнување на капацитетите за користење на ЕУ Фондови

- ✓ Одржување информативни средби со посебни целни групи – опфаќа директни средби со одредени целни групи: бизнис-секторот, хендикепирани лица, пензионери, невработени, месни заедници, невладини организации и други, за што најчесто се користат настани или посебни поводи. Временската реализација се одредува по потреба, а за дел од нив е постојана – секојдневна.
- ✓ Набавка на аудио и визуелна опрема за пренос на Седницита на Совет во живо на официјалната страна на facebook и youtube (ново ниво на транспарентност на општината, согласно одобрена апликација за зајакнување на капацитетот на општинските совети )

**Целни групи**

1. Граѓаните на Општина Берово;
2. Месни заедници;
3. Медиуми (локални, регионални и национални);
4. Бизнис-заедница;
5. Општинска администрација;
6. Земјоделци;
7. Потенцијални инвеститори;
8. Туристички организации;
9. Невработени;
10. Граѓански сектор;
11. Студенти и ученици;
12. Донатори;
13. Маргинализирани групи;
14. Институции;
15. Пошироката јавност и др.

**Канали и алатки за комуникација**

Со цел да оствари редовна и непречена комуникација, Општина Берово во 2020 година, а во време на дигитална ера, ќе се фокусира на новите, современи електронски средства за информирање, од кои како најмногу користени во последно време се секако социјалните мрежи, кои се покажуваат како моќни и поекономични алатки за пренесување на информациите.

Во текот на 2020 година, се планира обнова на ВЕБ страната на Општина Берово, со службени адреси на сите вработени со цел да се подобри и танспарентноста и отчетноста но и комуникацијата на вработените да биде преку официјални е-маил адреси.

Исто така во текот на 2020 година, Општина Берово ќе отвори и официјален youtube канал, за потребите на Советот на општината.

Со оглед на разновидноста на целните групи, Општина Берово ќе ги користи и основните, веќе постојни канали за комуникација:

За остварување на внатрешната комуникација ќе се користи:

1. **Лична комуникација:** колегиуми, состаноци на ниво на одделенија, состаноци меѓу одделенијата при општината, друштвени собири (забави, прослави, награди и признанија и сл.), состаноци и заеднички средби на сите вработени.
2. **Писмена комуникација:** општинско гласило, огласна табла.
3. **ИТ-комуникација:** внатрешна електронска мрежа (интранет).

## Финансиска спецификација на активностите од областа на комуникациите и односи со јавност за 2020 година

За активностите за реализација на Програмата за комуникација во 2020 година се планирани финансиски средства од програмите во Буџетот на Општина Берово
За спроведување на Програмата ќе се искористат расположливите човечки технички ресурси. Сепак, за одредени активности во насока на унапредување на досегашната комуникација ќе биде потребно да се алоцираат и ресурси чиј приказ е даден во продолжение:

| Реден број | Опис на активност | Временска рамка | Вкупно средства |
|---|---|---|---|
| 1. | Трошоци по договори со локални и регионални медиуми за снимање и закуп на простор (локални телевизии, радио, интернет-портал) и Печатење на општински весник | Континуирано во текот на годината | 150.000 |
| 2. | Огласи и јавни повици во национални печатени гласила | Континуирано во текот на годината | 150.000 |
| 3. | Изработка и емитување на репоража/документарна емисија за Берово за национален телевизиски медиум | Континуирано во текот на годината | 30.000 |
| 4. | Печатени промотивни материјали: каталози, брошури,честитки, билтени, летоци,калндари разгледници и друго за потребите на општината | Континуирано во текот на годината | 120.000 |
| 5. | Печатење на Отчет за сработеното (по потреба) | Октомври | 30.000 |
| 6. | Репрезентативен матерјал од делегација од Општина Берово при посета на други држави | Континуирано во текот на годината | 80.000 |
| 7. | Реализација на активности во рамки на меѓународната соработка со збратимените општини од соседна Бугарија и регионот Долна Нормандија, Република Франција | Континуирано во текот на годината | 100.000 |
| 8. | Набавка на аудио и визуелна опрема за пренос на Седниците на Совет во живо | | 750.000 |
| 9. | Непредвидени трошоци | | 30.000 |
| | | | |
| | **ВКУПНО** | | **1.440.000,00** |

## ОДРЖЛИВОСТ

За одржливоста на програмата за активностите на Општина Берово, во областа на комуникациите и односите со јавност и меѓународна соработка, ќе придонесат Градоначалникот на Општина Берово, Советот на Општина Берово, општинската администрација и најмногу граѓаните, преку следење на работата на општината, нивните реакции, предлози и идеи.

Постојаниот развој и надградба на програмата со нови области на делување, базирани на спроведените испитувања на јавното мислење (како пилот активности) одат во прилог на одржливоста на програмата.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Програмата за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите и односите со јавнос, како и меѓународната соработка во 2020 година претставува процес на зајакнување на капацитетите на општината и капацитетот на општинскиот совет, во овие области.

Посебен акцент во оваа програма е ставен на соработката со други Општини од други држави, со кои веќе имаме збратимување( Брус-Србија, Ливаро-Франција, Струмјани, Ќустендил, Банско, Гоце Делчев, Сандански – Бугарија, Брад-Романија) како и општините со кои остваруваме прекугранична соработка, во насока на остварување на заеднички интереси, а во смисла на реализирање на заеднички проекти.

Покренување на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кое одделение на Општината во непосредна соработка со Градоначалникот.

Број 09-4528/1
19.12.2019 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Берово
во областа на социјална заштита во 2020 година

Се објавува П Р О ГР А М А за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2020 година, Бр.09-4529/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/13
20.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7, член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Берово ("Службен Гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на општина Берово на 27-та Седница одржана на 19.12.2019 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2020 година**

**ВОВЕД**

Во оваа програма влегуваат активностите на Општина БЕРОВО, ОЈУДГ „23 АВГУСТ " БЕРОВО , активностите на ОЈУСЗСЛ д-р. „ ИВАН ВЛАШКИ "БЕРОВО и одредени трансфери и активности со кои Општина Берово ќе дава помош и подршка во остварувањето на социјална заштита.

Двете установи кои работат на територијата на ОПШТИНА БЕРОВО во областа на социјалната заштита ги реализираат своите активности преку средства приберени по пат на самофинансирање, што значи прибирање на средства од корисниците на услугите, со средства од Буџетот на Општина БЕРОВО и преку блок дотација од Министерството за труд и социјална политика.

Новина од оваа година е имплементирање на Законот за социјална заштита, што предвидува децентрализација во сферата на социјалната заштита, при што Министерството за труд и социјална политика ќе објавува повик за обезбедување социјални услуги од општините, најмалку еднаш годишно(согласно член 140 и член 145 од Законот за Социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година).

Единиците на локалната самоуправа како едни од главните носители на социјалната заштита се одговорни за:

- Донесување на развојни програми за социјална заштита;
- Основање на јавни установи за социјална заштита;
- Развивање на вонинституционални форми за социјална заштита;
- Реализирање на социјални програми во соработка со останатите сегменти јавниот сектор, приватниот сектор и невладини организации
-развивање на различни иновативни или интервентни форми за социјална заштита

Основни социјални ризици, на кои најчесто се изложени граѓаните се следниве:

- Ризици по здравјето (болест, повреда и инвалидност);
- Ризици од стареење (старост и преживување);
- Ризици по мајчинство и семејство;
- Ризици од невработеност
- Ризици од неинформираност
- Ризици од неадаптираност кон социјалната средина.

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Берово кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита
- Изнаоѓање форми на згрижување на социјално ранливи групи
- Изноѓање форми за социјализација на маргинализирани групи
- Подобрување на стандардот на граѓаните
- Создавање поквалитетни услови на децата од предучилишна возраст

- Создавање на поквалитетни услови на децата и младите во локалната заедница
- Инклузија на лицата со посебни потреби во сферата на општественото живеење
- Изнаоѓање на различни форми за помош и едукација на лица со телесна попреченост, деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца од улица, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дроги и алкохол, старите лица без семејна грижа и сл.
- Продолжен престој на лицата со телесна или ментална попреченост, со различни форми на едукација, работен ангажман според можностите, спортски активности и слично (доколку од страна на МТСП, позитивно биде одговорено на апликацијата по повик)
- Обезбедување на интерактивен културно забавен живот на стари и изнемоштени лица со дневен престој на стари лица во ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки”, сервисни услуги за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови, со обезбедување и транспорт до домот на еден толол оброг (Троците во износ не поголем од 50 % од износот на оброгот ќе ги покрива Општина Берово а останатиот дел, самите корисници)
- Организирање на различни видови работилници за подигање на свеста на населението
- Еднакви можности меѓу жените и мажите, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности
- Поттикнување на населенеието на размислување за форми на социјална заштита

**Активности**

Активностите на општина Берово во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Снабдување на центар за продолжен престој на лицата со телесна или ментална попреченост со соодветна опрема
- Помош на семејства што имаат лице со хендикеп
- Згрижување во дневен центар со продолжен престој на лица со телесна или ментална попреченост
- Интегрирање во општеството на лица со телесна или ментална попреченост
- Информирање за начини на вработување на лица со телесна или ментална попреченост
- Анимирање на институциите кон подигање на свеста за лица со телесна или ментална попреченост
- Активирање на лица со телесна или ментална попреченост во различни видови дневни работилници
- Активирање на лица со телесна или ментална попреченост во различни видови спортски настани
- Обезбедување на социјални пакети на семејства со социјални проблеми и на ромски семејства
- Обезбедување на школски прибор на почетокот од учебната година на деца со воспитно-социјални проблеми, деца од многу детни семејства
- Доделување на новогодишни пакетчиња на деца со воспитно-социјални проблеми, деца од многу детни семејства

- Обезбедување на парични средства за првородено дете во 2020 година, на територијата на Општина Берово
- Обезбедување на финансиска помош, како еднократна финансиска помош на лица изложени на социјален ризик, социјано загрозени ученици, лица со ниски примања, лица неспособни за работа, болни лица, лица со телесна попреченост, хендикепирани лица, самохрани родители, семејства настрадани од елементарни непогоди, месни заедници и Здруженија на граѓани и слично.
- Субвенционирање на 10 кубни метри вода(секој месец)
- Мотивирање кај одличните ученици, истакнати студенти и наставен кадар по општинските училишта
- Згрижување на лица во ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки"
- Обезбедување на интерактивен културно забавен живот на стари и изнемоштени лица со дневен престој на стари лица во ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки", сервисни услуги за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови, со обезбедување и транспорт до домот на еден толол оброг (Троците во износ не поголем од 50 % од износот на оброгот ќе ги покрива Општина Берово а останатиот дел, самите корисници
- Мобилни различни видови социјални и здравствени услуги за старите лица во градот и руралните средини
- Превентивно делување (во соработка со педагошко-психолошка служба во училиштата), детекција, советување, работилници
- Превенција од социјален ризик и подигање на јавната свест, работа со поединци и семејства во социјален ризик, јакнење на соработката на институциите на локално ниво

| ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ 3: **СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. Бр. | **Активност** | **Период на реализациј а** | **Корисници** | **Планирани средства** |
| 1. | Финансиска и друга помош на лицата со загрозена социјална положба | Континуира но во текот на целата година | • лица со ниски прамања;<br>• приматели на социјална помош;<br>• лицата кои се во загрозена состојба поради болест, болнички третмани и хируршки зафати;<br>• лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи и<br>• лица неспособни за работа | 150.000,00 денари од Буџет на Општина Берово |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | • Лица жртви на семејно насилство | |
| 2. | Еднократна парична помош за новородено дете | Континуирано во текот на целата година | • Новородени деца чии родители се жители на Општина Берово | 200.000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| 3. | Субвенционирање на првачањата на територијата на Општина Берово | На почеток на учебната година (на 1 септември) | • Првачињата од ООУ„Дедо Иљо Малешевски" и првачињата од ООУ„Никола Петров Русински" | 200.000,00 |
| 4. | Субвенционирање на учениците од прва година на територијата на Општина Берово | На почеток на учебната година (на 1 септември) | • Ученици од прва година кои своето образование ќе го продолжат во ОСУ„Ацо Русковски" | 200.000,00 |
| 5. | Снабдување на центар за продолжен престој на лицата со телесна или ментална попреченост со соодветна опрема | Континуирано во текот на целата година доколку преку МТСП се одобри апликацијата | • лица со тесна или ментална попреченост<br>• Лица неспособни за работа | 1.800.000,00 |
| 6. | Стипендија за најдобрите ученици во средното образование | Од септември до мај | Одлични ученици од средното образование кои освоиле награди на натпревари | 60.000,00 |
| 7. | Субвенционирање на 50 семејства од социјално ранливи категории со плаќање на максимум 10 кубни метри вода секој месец | Континуирано во текот на целата година | • Лица со ниски примања или без примања<br>• Лица приатели на социјална помош<br>• Лица жртви на семејно насилство | 100.000,00 денари- Буџет на Општина Берово |
| 8. | Новогордишни подароци за децата со посебни потреби и деца без родители и родителска грижа во Мал групен дом | Декември | Децата од мал групен дом и дневен центар за лица со посебни потреби | 20. 000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| 9. | Партипација на ромски деца за посета на предучилишна установа | Континуирано во текот на цела година | Ромски семејства со ниски примања | 400.000,00 |
| 10. | Набавка на социјални пакети | По потреба | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа<br>• Лица жртви на семејно | 10.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | насилство | |
| 11. | Подршка на проектни активности на Здруженија на граѓани за хуманитарни акции | По потреба | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа | 30.000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| 12. | Подржка на иновативни форми од социјална заштита (50 % партиципација за обезбедување на топол оброг за лица над 65 години во Берово и населени места) | По иницијатива | • Социјално загрозени лица<br>• Лица во загрозена состојба поради болест, болнички третман или хирушки зафат<br>• Лица неспособни за работа<br>• Лица над 65 години на кој им е потребна помош за реализирање на секојдневните активности а кој живеет сами | 500.000,00 денари Буџет на Општина Берово |
| 13. | Подршка на Стари изнемоштени лица во домашни услови од Берово и од руралните средини | По претходно скенирана состојба од страна на членови на Совет за социјална заштита А доколку биде одобрена апликацијат а | • Лица над 65 години на кој им е потребна помош за реализирање на секојдневните активности а кој живеет сами | 1.800.000,00 |
| 14 | Внатрешно уредување на трета ламела на домот за стари лица | По завршување со реконструкц ија на трета ламела | • 1жЛица над 65 години на кој им е потребна помош за реализирање на секојдневните активности а кој живеет сами | 1.000.000,00 |
| | ВКУПНО | | | 6.470.000,00 |

Трансферите до физичките лица ќе ги реализира Градоначалникот на општина Берово согласно оваа Програма, по барање на лицата, поткрепено со соодветна

документација .

**Општинската јавна установа за социјална заштита на стари лица Д-р Иван Влашки**

Општина Берово со помош и соработка со Холандско-Македонската хуманитарна организација и Министерство за труд и социјална политика ја отвори Општинската Установа Дом за стари лица, кој се наоѓа на влезот во Берово. Општина Берово како основач на јавната установа ќе го поддржува тековно работење на оваа установа. На почетокот на 2019 година, оваа општинска јавна установа го прошири својот капацитет од постоечните 15 на 29 легла за корисниците. Во моментотот во тек е реконструкција на трета ламела, после што е потребно да се пристапи кон внатрешно уредување на истата. Според направениот проект, третата ламела ќе може да згрижи уште нови 10 корисници, според сите стандарди и домот ќе добие една целина со капацитет од вкупно околу 40 корисници.

Годините наназад домот работи цело време со пополнет капацитет и константно на листата на чекање за сместување има голем број корисници .

Оваа година, согласно новиот Закон за социјална заштита (службен весник на РСМ бр.104 од 23.05.2019 година), по распишаниот повик на МТСП за пројавување на интерес, Општина Берово пројави интерес, со две апликативни форми од кои :

- Првата се однесува на обезбедување на интерактивен културно забавен живот на стари и изнемоштени лица со дневен престој на стари лица во ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки", сервисни услуги за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови, со (како иновативна форма на социјална заштита) обезбедување и транспорт до домот на еден тoлол оброк (Троците во износ не поголем од 50 % од износот на оброкот ќе ги покрива Општина Берово, а останатиот дел, самите корисници)

Министерството за труд и социјална работа, во престојниот период ќе врши теренски истражувања на лице место со експертски тимови, после што ќе донесе одлука за финансирање на оваа активност.
За оваа активност, во Општинската Јавна установа за социјалана заштита на стари лица, ќе бидат ангажирани дополнителни лица, чии час според првично предвидените работи, ќе се наплаќа 200 денари по час.

- Втората активност, се однесува на снабдување на центар за продолжен престој на лицата со телесна или ментална попреченост со соодветна опрема. Се мисли на санација и снабдување со соодветна опрема, на постоечките простории во објектот на стара гимназија Предвидено е опремување и обезбедување на кадар, кои со лицата со телесна или ментална попреченост ќе работат во работилница, (честитки за различни намени, различни други ракотворби, сувенири и слично)

**Финансирање**

Средствата потребни за реализирање на активностите од оваа програма ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Берово за 2020 година , преку подршка од Министерството за труд и социјална политика, заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и на меѓународно ниво, грантови од организации, здруженија, амбасади и други извори на финансирање, а учеството на партнерите ќе биде определувано при изготвување на конкретната мерка.

Средствата за двете апликативни форми, ќе бидат обезбедени од МТСП со кофинансирање од Општина Берово.

**Распоредување на буџетските средства**

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

**Други форми на активности**

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Берово се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината;

-организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

-организирање на хуманитарни акции и хуманитарни форми на културно забавен живот

Овие форми на активности ќе се реализираа согласно можностите на општина Берово.

**Завршни одредби**

Градоначалникот на Општина Берово го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Општина Берово, преку вработените службеници во Одделението за јавни дејности, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма, ќе покренува иницијатива и ќе дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на општина Берово".

Број 09-4529/1 — Совет на општина Берово
19.12.2019 год. — Претседател
Берово — Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

П Р О Г Р А М А
за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните
во Општина Берово за 2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во Општина Берово за 2020 година, Бр.09-4530/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/14 — ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. — Градоначалник
Б е р о в о — Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа(„Сл.Весник на РМ„ бр.5/02) и член 73 од Статутот на Општина Берово (“Службен Гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 27-та седница одржана на 19.12.2019 година донесува:

**П Р О Г Р А М А**

***За развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните Во Општина Берово за 2020 год.***

Бидејќи досега немаме формирано општински сојуз на спортови во кој ќе бидат здружени спортски асоцијации, клубови, сојузи и друштва, во склад со законот за здруженија на граѓани и фондации,и законот за спорт,заради остварување на јавниот интерес на Општината во областа на спортот, во планирање,организирање и реализирање на спортски активности во Општината, Општината изготви годишна програма за развојот на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во Општина Берово за 2020 год.која се базира на законот за локална самоуправа, и законот за спорт член 22-а од законот за измени и дополнување на законот за спорт со кое Општината ќе биде главен иницијатор и организатор на активностите од областа на спортот и спортските активности кои се случуваат во Општината.

***Активности во спортот имаме во:***

Во ОСУ„Ацо Русковски„ во Берово е формиран сојуз на училишен спорт (СУС) а под покровителство на федерацијата на училишни спортови на Република Македонија, во кој сојуз членува и има свои активности и ООУ „Дедо Иљо Малешевски од Берово.

Децата со посебни потреби имаат регистрирано спортски клуб„Малеш„-Берово преку специјалната олимпијада на Република Македонија,и своите активности ги спроведуваат на учества на национални спортски натпревари на летни и зимски игри на деца со посебни потреби.

Други организирани спортски активности во Општината не се случуваат, па за тоа Општина Берово изготви програма за развој на спортот во која ќе бидат опфатени сите категории на граѓани.

***Реализација на спортската програма***

Програмата опфаќа спортски активности изнесени во ставки од **1** до **8**

1. Училишен спорт, и спортско рекреативни активности.
2. Спортско рекреативни активности-спорт за сите.
3. Натпреварувачки-масовен спорт и подршка за активирање на спортски клубови во поедини згаснати спортски дисциплини.
4. Спортски објекти.
5. Трансфер на средства до спортски здруженија
6. Подршка на ОФК Малеш-Берово
7. Одржување на турнир во уличен баскет
8. Награди за врвни спортски достигнувања

Изнесените активности во ставки од **1** до **8** ,подетално се дадени во содржината на програмата за спортски активности и материјално финансиски потреби за организација и релизација на истите.

Отворањето, одржувањето и затворањето на соодветната програмска активност ќе биде утврдена со распоредот за календарската 2020 год.

***Основни цели и задачи***

Програмата опфаќа масовно учество на граѓаните во рекреативно, забавно,спортски активности, како и развој на масовен спорт, со учество на млади луѓе во скоро сите области на спортот што претставува темел и основа за подигање на квалитетен –врвен спорт во Општината и во Републиката.

***ПРОГРАМА ЗА СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ***

***Ставка 1***

***Училишен спорт,и спортски рекреативни активности***

Системот ќе се реализира на Општинско ниво помеѓу училиштата во периодот на траењето на школската година, во следниве дисциплини:

1.Кошарка-машка и женска кнкуренција
2.Ракомет-машка и женска конкуренција
3.Одбојка-машка и женска конкуренција
4.Гимнастика-машка и женска конкуренција
5.Мал фудбал-машка и женска конкуренција
6.Атлетика-машка и женска конкуренција
7.Пролетен крос-машка и женска конкуренција

Сојузот на училишен спорт(СУЗ)-Берово е домаќин и организатор на регионален натпревар во кошарка во женска конкуренција, и ракомет во машка конкуренција кој ќе се одржи во спортската сала Македонски бранители во Берово.

Реализација на овие натпреварувања ќе се остварат со одржување на спортски турнири,со масовно учество на ученици од основни и средни училишта од нашата Општина.

***Ставка 2***

***Спортско рекреативни активности на граѓаните- Спорт за сите***

***Од оваа област се предвидени да се спроведат следниве активности:***

***1.Рекреативно спортско возење на велосипед на граѓани од сите возрасти низ улиците на градот и локалните места во Општината(мај-септември).***

За реализација на истите е неопходно учество на стручни лица од оваа област т.е професори по физичко воспитување,сообраќајна полиција, материјални трошоци и подготвување на стартот и целта,озвучување,траки за сигурност, обележување на патека, лекар, пропаганден материјал и друго.

**2.** ***Рекреативно спортско –забавна манифестација,,Пролетен крос,, во пресрет на денот на пролетта.***

Ќе се одржи на 21 март ,а локацијата ќе биде накнадно определена.

На истата ќе се поканат да земат учество масовен број на граѓани, ученици претставници од невладини организации и истата ќе претставува најголема и најмасовна манифестација од овој вид во Општината.

***3.Планирање –пешачење на граѓани од сите возрасти.***

Активностите на планирањето-пешачењето ќе се одвиваат по Малешевските планини, а релацијата ќе биде дополнително договорена, а истата ќе се реализира од ( април до ноември) во повеќе наврати , во зависност од временските прилики.

***4.Баскет натпревари во машка и женска конкуренција.***

Опфаќа учество на неограничен број на екипи составени од лица-граѓани на сите возрасти, со примена на изработени пропозиции за вакво спортско натпреварување.Натпреварите ќе се одвиваат на терените на новоизграденото спортско игралиште кај старата гимназија,во месеците јуни,јули и август во вечерните часови затоа што новото **повеќенаменско игралиште овозможува одржување на натпревари во вечерните часови.**

***5.Натпревари во ракомет, машка и женска конкуренција***

Опфаќа неограничен –пријавен број на екипи составени од лица граѓани на сите возрасти ,со примена на изработени прописи за вакво натпреварување.Натпреварите ќе се одвиваат во сала или на новите терени на старата гимназија во месеците јуни,јули и август во вечерните часови.

***6.Турнири во мал фудбал***

Опфаќа учество на неограничен број на екипи составени од лица-граѓани на сите возрасти со примена на пропозиции за КУП систем на натпревари во мал фудбал.**Турнирот ќе се игра во салата Македонски бранители во месеците февруари, март.**

Оваа година е планирано де се одржат **турнири во мал фудбал во повеќето населени места во општината** со што би се подобрил спортскиот дух и натпреварувачкиот карактер кај граѓаните во нашата општина. Во сите населени места се создадени услови за одигрување на вакви турнири т.е се изградени спортски игралишта.

Турнирите во селските населби ќе се одржат во следните временски периоди:

**-с.Русиново –св.Троица (јуни)**
**-с.Смојмирово -2 август Илинден**
**-с.Двориште –Рожден (септември)**
**-с.Ратево-Петровден(јули)**
**-с.Митрашинци – (јули)**
**-с.Будинарци-(мај,јуни)**
**-с.Мачево- (мај)**

Се планира и организација на еден поголем **Регионален турнир во мал фудбал** со учество на екипи од повеќе Општини во регионот.Натпреварите би се играле на новото спортско игралиште кај старата гимназија.**Планирано е турнирот да се одржи во месец август во вечерните часови.**

***7.Натпреварување на пензионери и бивши спортисти***
Учество на пензионери и бивши спортисти во организирани турнири во шах,влечење јаже,пикадо фрлање на ѓуле и во други спортски дисциплини.

***8.Спорт за лица со посебни потреби***
Активностите се спроведуваат на републичко ниво со учество на национални спортски натпревари на летни и зимски игри на деца со посебни потреби.
Во Општината на 3 декември денот на лицата со посебни потреби ќе се организираат спортски активности со што ќе се одбележи денот на лицата со посебни потреби.

***9.Турнир во пинг понг***

Опфаќа учествона неограничен број на учесници ,составени од лица –граѓани на сите возрасти, со примена на пропозиции за пинг понг натпревари.Натпреварите ќе се одржуваат во спортската сала Македонски Бранители во месеците септември,октомври.Се надеваме дека оваа година ќе биде организиран турнир во пинг понг бидејќи со формирањето на новиот пинпонгарски клуб сега се создадени услови за организација на еден ваков турнир. Предвидени средства за пинпонгарскиот клуб„Берово„ за негово успешно натпреварување оваа година се **30.000 ден.**

***10.Турнир во шах***

Опфаќа учество на неограничен број на учесници, граѓани од сите возрасти со примена на пропозиции за шах натпревари. Натпреварите ќе се одржуваат во новата сала на Бизнис Инкубаторот во Берово во месеците август,септември.

## *Ставка 3.*

***Натпреварувачки- масовен спорт и подршка за активирање на спортски активности на клубови во поедини згаснати спортски дисциплини.***

Спортската традиција како и желбата на широките граѓански маси налага преземање на позитивни активности во домен на подршка и активирање на поедини клубови кои од субјективни или објективни причини престанале да постојат.

Реализацијата на истата опфаќа потреби од конституирање,котизација, стручни лица, судии соодветни терени и други материјални трошоци.

Општина Берово во рамки на своите можности ќе направи напор да помогне во активирањето на некои од згаснатите спортски клубови кои пред повеќе години беа активни и се натреваруваа во организиран систем на републичко ниво.Како добар пример е фудбалскиот клуб **ОФК Малеш** кој по повеќегодишна стагнација годинава успешно се натпреварува во **Трета лига исток.**

## *Ставка 4*

***Спортски објекти***

За одржување на спортски активности неопходно потребно е обезбедување на соодветни спортски објекти.Со децентрализацијата на Општината, одредени спортски објекти се преотстапени на користење и управување на Општината од страна на владата на Република Македонија.Пример:училишни спортски сали, спортски терени на кои ќе се одвиваат сите настани на Општинско и републичко ниво.Исто така за да се спроведат сите горе наведени спортски активности во Општината треба да се вклучат стручни лица од областа на **спортот-професори по физичко воспитување** и други стручни лица.

## *Ставка 5*

***Трансфер на средства до спортски здруженија***

За заживување на спортот во Општината потребно е да се издвојуваат средства кои би се трансверирале до спортските здруженија се со цел за понатамошно профункционирање на повеќе спортски клубови во Општината.Со овие средства Општина Берово се надева дека ќе го заживее спортот за подобар и поквалитетен живот на идните генерации во Општина Берово.Сите услови за тоа ги имаме само се потребни многу повеќе вложувања во спортот а придобивките ќе бидат повеќекратни.

## *Ставка 6*

***Подршка на ОФК-Малеш***

Оваа година потребно е да се обезбедат и повеќе средства за ОФК-Малеш ,бидејќи тој се натреварува во **Трета лига** и тоа мошне успешно.После неколку години неиграње клубот повторно е активен и треба да се продолжи со негово финансирање затоа што тое е единствениот спортски клуб во Општина Берово кој се натпреварува во републичко

натпреварување.Се надеваме дека во иднина и други клубови ќе го следат неговиот пример и повторно ќе бидат активирани клубови во ракомет,одбојка како што некогаш се натпреваруваа во организирани натпреварувања.За таа цел средствата во програмата за спорт и рекреативните активности планираме да бидат зголемени со цел да се овозможи заживување на повеќе спортови и организирање на повеќе спортски активности.

За оваа ставка 6 во програмата потребни се финансиски средства од **600.000 ден** со цел непречено фунционирање на ОФК-Малеш и негово успешно натпреварување во **Трета лига** .

## *Ставка 7*

***Одржување на турнир во уличен баскет***

Оваа година е планирано да се одржи повторно турнирот во уличен баскет кој беше одлично организиран претходната година .Оваа година е планирано турнирот да биде проширен со повеќе екипи од целата република како и пошироко.Оваа година е планирано турнирот да се одржи на 7,8,9 август .Најавени се екипи од Бугарија и Србија со што турнирот ќе стане меѓународен.Вкупниот буџет за организација на турнирот изнесува **120.000** ден.За таа цел е потребно да се предвидат дополнителни средства во програмата за развој на спорт и спортско рекреативни активности на Општина Берово за 2020 год. За подобра организација на овој турнир , во програмата се предвидени **30.000 ден**.

## *Ставка 8*

***Награди за врвни спортски достигнувања***

Поради се поголемите успеси кои ги постигнуваат нашите сограѓани во полето на различните спортски дисциплини, како на републичко така и на регионално и меѓународно ниво , од оваа година во програмата се предвидува посебна ставка , за награди за врвни спортски достигнувања.Во неа се предвидени **100.000 ден**.

## ***РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА***

***Предвидените финансиски средства потребни за реализација на програмските активности дадени во ставките од 1-8 од програмата се распределени на следниов начин:.***

За реализација на дадените ставки од **1-5** во програмата потребно е да се обезбедат финансиски средства од **150.000 денари.**

За реализација на ставката **6** од програмата потребно е да се обезбедат финансиски средства од **600.000 денари.**

За реализација на ставката **7** од програмата потребно е да се обезбедат финансиски средства од **30.000 денари.**

За реализација на ставката **8** од програмата потребно е да се обезбедат финансиски средства од **100. 000 денари.**

***За реализација на дадените ставки од 1-8 во програмата потребно е да се обезбедат финансиски средства од 880.000 денари.***

Програмата влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Берово.

*Изработил: Нешкевски Зоран*

Бр.09-4530/1
19.12.2019 година
Берово

***Совет на Општина Берово***
***Претседател***
***Јован Матеничарски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

П Р О Г Р А М А
за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово
со Оперативен план за сезона 2019/2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезона 2019/2020 година, Бр.09-4531/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/15 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02), член 19 од Статутот на Општина Берово Берово (“Службен Гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово донесе

# П Р О Г Р А М А

**за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезона 2019/2020година**

Согласно член 34 од Законот за јавните патишта („Сл. Весник на РМ“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15 и 150/15), а врз основа на член 13 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл. Весник на РМ“ бр. 169/15), член 2 од Законот за јавна чистота („Сл. Весник на РМ“ бр. 111/08, 64/09, 86/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15 и 147/15), член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл. Весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08 и 114/09), и член 5 од Законот за управување со кризи („Сл. Весник на РМ“ бр. 29/05, 36/11, 41/11 и 104/15), Советот на општината, на предлог на Градоначалникот донесува Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2019/2020 година.

Со оваа Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2019/2020 година се утврдуваат активностите за зимско одржување на локалните улици и патишта, односно работите за одржување на објектите на комуналната инфраструктура и тротоарите на подрачјето на општина Берово за сезоната 2019/2020 година.

**ОПШТ ДЕЛ:**

Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2019/2019 година го предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на локалните улици и патишта во Берово и селските населби.

Програма за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово со Оперативен план за сезоната 2019/2020 година ќе биде прилагодена на климатските и рељефните услови на територијата на општина Берово.

Програмата има цел да обезбеди активности за ефикасно планирање, организирање и функционирање на сите засегнати субјекти преку:

- Дефинирање на делокругот на работите и обврските на сите засегнати субјекти во зимското одржување на локалните улици и патишта;
- Определување на обемот на работите и нивото на чистењето на снегот и мразот од коловозните површини;
- Планирање на потребните финансиски средства.

Јавни патишта на територијата на општина Берово се локалните улици и патишта.

Работи на зимско одржување на локалните улици и патишта претставува:

- Чистење на снег и мраз од коловозот на локалните улици и патишта, објектите на комуналната инфраструктура и тротоарите во општината;

- Посипување на коловозот со индустриска сол или др. абразивни средства на осојничавите места, делниците од локалните улици и патишта со поголем наклон како и на др. места каде има веројатност од појава на мраз на коловозот;

- Посипување на коловозот со ризла на локалните улици и патишта за поголема безбедност на возилата и пешаците.

Работите на зимското одржување на локалните улици и патишта се изведува на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност на улиците и патиштата во зависност од утврдениот приоритет кој произлегува од категоризацијата и значењето на локалниот пат или улица за локалното население. По исклучок кога согласно на условите на терен, работите на зимското одржување на локалните улици и патишта, односно нивен дел, неможат да го обезбедат редовното одвивање на сообраќајот, општина Берово, привремено, делумно или целосно ќе го запре сообраќајот и ќе определи по кој алтернативен пат и под кои услови (ако е применливо) ќе се одвива сообраќајот. Воедно преку средствата за јавно информирање (веб страна на општина Берово, и др. облици на информирање Одделението за комунални работи и заштита на животната средина при општина Берово во рок од 48 часа ќе го информира населението за најавените промени на сообраќајот.

Ако заради снег, голомразица или други причини, сообраќајот на одредена локална улица или пат е отежнат или пак безбедноста во сообрачајот е значително загрозена, општина Берово во координација со институциите на локално ниво ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките. Во случај ако тоа не е возможно да се направи и пречките по одвивањето на сообраќајот не можат целосно или во најголема мерка да се отстранат, општина Берово по претходна согласност од Министерството за транспорт и врски и координација со МВР-Сообраќајна полиција и Регионалниот центар за управување со кризи ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила.

Во случај кога прекинот на собраќајот на одредена локална улица или пат трае подолго од 2 часа, општина Берово ќе го информира населението преку средствата за јавно информирање.

Општина Берово во услови кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивање на сообраќајот, со сообраќајни знаци и/или на друг начин ќе ги означи условите и режимот на сообраќајот на локалниот пат или улица.

Во случај на прекин на локална улица или пат поради елементарна непогода (снежна лавина, одрони од поголем обем, лизгање на земјиштето или др. причини), општина Берово ќе постапи според соодветен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

**ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ:**

Преку организационата поставеност се дефинираат работите и обврските на директните учесници во реализацијата на оваа Програма, односно на зимското одржување на локалните улици и патишта на територијата на општина Берово. Имено во зимското одржување на локалните улици и патишта на територијата на општина Берово учествуваат надлежните органи на локалната самоуправа со следните обврски:

- **Општина Берово;**
  - Изготвува Програма за зимско одржување на локални улици и патишта со Оперативен план;
  - Изготвува посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди;
  - Го организира зимското одржување на локалните улици и патишта;
  - Склучува Договори за спроведување на активностите предвидени со програмата;
  - Преку средствата за јавно информирање ја информира јавноста за обврските на субјектите задолжени за зимското одржување;
  - Го финансира зимско одржување на локални улици и патишта.

- **Совет на општина Берово;**
  - Донесува Програма за зимско одржување на локални улици и патишта со Оперативен план за општина Берово;
  - Донесува посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

- **Одделението за комунални работи и заштита на животната средина при општина Берово;**
  - Врши стручен надзор над чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните улици и патишта, објектите на комуналната инфраструктура, тротоарите и др. и нивното посипување со индустрсика сол и/или песок;
  - Привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот во случаите кога целосно или во најголема мерка неможат да се отклонат последиците кои можат да имаат загрозувачко дејство по безбедноста во сообраќајот;
  - Го информира населението/корисници на локалниот пат или улица на која има промена во однос на сообраќајот за превземените мерки преку средствата за јавно информирање.
  - Превзема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или при значителна загрозеност на безбедноста во сообраќајот или го запира сообраќајот на одредени делници од локалниот пат или улица или на нивен дел по претходно добиена согласност од надлежен орган.
  - Ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин на одвивањето на сообраќајот подолг од 2 часа.
  - Постапува по планираните активности предвидени со посебниот план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

- **Комунален инспектор;**

- Врши надзор и контрола на чистењето на јавните површини и објектите на комуналната инфраструктура.

- **Комунално претпријатие;**
  - Обезбедуваат непречено извршување на редовните активности

- **Оператор со кој општината има склучено Договор за реализација на Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта;**
  - Ја реализира Програмата за за зимско одржување на локални улици и патишта;
  - Врши набавка и складирање на абразивни средства (индустриска сол) и/или песок и се грижи за негова навремена употреба/расфрлање;
  - Организира тимови за приправност со потребен алат и опрема и се грижи за исправност на механизацијата наменета за зимско одржување;
  - Го расчистува снегот од коловозните површини;
  - Депонира одредени количини на песок на критичните места и врши посипување со абразивни срества или песок на коловозните површини;
  - Др. работи поврзани со непреченото извршување на зимското одржување на локалните улици и патишта (на пр. сечење и отстранување на паднати дрвја од коловозите и сл.).

Во зимското одржување на локалните улици и патишта учествуваат и други органи, институции, претпријатија и др.

- **Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата;**

Организира и спроведува едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната култура, превентивни активности и безбедноста во патниот сообраќај.

- **Општински штаб за заштита и спасување;**
  - Учествува во изработката на Програмата, учествува во следењето на нејзината имплементација и воопшто на севкупните состојби во зимскиот период заради навремено превземање на превентивни мерки за заштита и спасување, односно организација и спроведување на конкретни активности за обука, опремување и подготвеност на екипите од населените места кои ќе вршат чистење на снегот и посолување на коловозите.

- **Државен Инспекторат за патишта;**
  - Врши надзор и контрола на мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

- **Регионален Центар за управување со кризи;**
  - Врши координација со органите на локалната самоуправа, врши нивно информирање за временската состојба (соработка со хидро – метеоролошка служба) и по потреба координира активности на регионално ниво и при поголеми загрозувања на безбедноста во сообраќајот и воопшто на безбедноста.

- **МВР – Сектор за сообраќајни работи;**
  - Ги извршува работите од своја надлежност, информира, координира и содејствува во активностите на локално ниво.

- **Јавно претпријатие за државни патишта „Македонија пат„ подружница Берово**
  - Јавното претпријатие нема обврска за чистење на локалните улици и патишта на територијата на општина Берово но сепак заради нивното одржување на регионалните патни правци и востановената долгогодишна соработка со локалната самоуправа на општина Берово во поглед на зимското одржување, при

поголеми снежни врнежи делницата на локален пат Студенец - село Двориште, Регионален пат Берово – Виница до село Митрашинци и др. во одредени ситуации може да биде предмет на координација во поглед на нивното зимско одржување.

- **Градежна оператива**
  - За видот и обемот на вклучувањето на механизација од претпријатија кои располагаат со соодветни возила кои можат да бидат вклучени во расчистувањето на снегот во исклучителни случаи одлучува општината по претходна консултација и барање од поседувачите на таква опрема во општина Берово

- **Институции на локално ниво, претпријатија, граѓани сопственици или корисници на делови од згради или згради/простории (продавници, ресторанти, кафе барови и сл.);**
  - Го расчистуваат снегот и мразот од тротоарите и приодните места пред своите објекти.

- **Граѓаните, сопственици на индивидуални стамбени објекти;**
  - Го расчистуваат снегот и мразот од тротоарите и приодните места пред своите објекти.

**ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО ЗА СЕЗОНА 2019/2020 ГОД.**

**ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ:**

Обемот на одржувањето на локалните улици и патишта зависи од:

- Густината на населението;
- Фрекфенцијата на луѓе и моторни возила;
- Вид и број на инфраструктурни објекти;
- Коловозните површини на локалните улици во Берово предвидени за оспособување се со должина од **19.5** Км и нивното расчистување ќе се одвива по следниот приоритет:
  1. Сообраќајници по кои се одвива јавен превоз;
  2. Сообраќајници од посебно значење за функционирањето на градот Берово и општината, пристап до здравствени, образовни, управни, јавни и др. објекти и институции од важност за нормалното функционирање;
  3. Пристапни локални улици.
- Коловозните ленти како локални патишта во 8 селски населби, вклучувајќи ја и туристичката населба Абланица се **28** Км.
- Посипувањето со абразивни средства/песок при голомразица и во услови кога нема врнежи од снег ќе се врши по приоритет, на критични точки и по сообраќајниците по кои се врши јавен превоз.
- Обемот на коловозните површини предвидени за расчистување ќе се одвива според приоритетна листа;

**ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО:**

Зимското одржување на локалните улици и патишта ќе се врши со машинско расчистување на снегот од коловозните површини, посипување на абразивни средства/песок во случај на голомразица и во исклучителни случаи со рачно чистење на одредени делници/локации.

Според важноста на локалните улици и патишта, интензитетот на сообраќајот, местоположбата, поврзаноста и др. истите можат да се групираат во 2 (два) приоритетни групи за зимско одржување:

- **ПРВ ПРИОРИТЕТ:**

  **Во прв приоритет на локални улици и патишта спаѓаат сите улици во населените места кои овозможуваат влез, односно излез и редовна комуникација со виталните објекти и сообраќајници.**

1. Улица „Маршал Тито“ од полициска станица до центарот и од центарот до излезот, спој со „Моша Пијаде“
2. Улица „Партизанска“ од полициска станица до спој со „Борис Кидрич“
3. Улица „Задарска“ од спој со „23 Август“ до Амболанта
4. Улица „Борис Кидрич“ од влезот до спој со „23 Август“
5. Улица „23 Август“ од центарот до раскрсница со „Гоце Делчев“
6. Улица „11 Октомври“ од раскрсница со „23 Август“ до спој со „Моша Пијаде“
7. Влез во село Русиново од Цердови воденици до центарот,од центарот до излезот према Владимирово и од центарот до основното училиште,
8. Влез на село Ратево од регионалниот пат Берово – Струмица до центарот на селото,
9. Влезот на село Двориште од Студенец до центарот на селото,
10. Влезот на село Митрашинци од регионалниот пат Берово – Виница до центарот на селото,
11. Влезот на село Будинарци од регионалниот пат Берово – Виница до центарот и од центарот до регионалниот пат Берово – Виница,
12. Влезот на село Мачево од регионалниот пат Берово – Виница до центарот на селото,
13. Локален пат Мачево – Владимирово,
14. Од центарот на Владимирово до излезот према Русиново, и од центарот на селото до излезот спрема месноста Премка,
15. Влезот на селото Смојмирово од регионалниот пат Берово – Виница до основното училиште и патот од училиштето до регионалниот пат Берово – Делчево.

- **ВТОР ПРИОРИТЕТ:**

  **Во втор приоритет на локални улици и патишта спаѓаат сите останати улици во населените места кои овозможуваат редовна комуникација со виталните објекти и сообраќајници.**

На деловите со подложен пад над 7% (критични места во зимски услови) во:

- Берово: Улици
  - „Даме Груев“
  - „Страшо Пинџур“
  - „Туристичка“
  - „Илинденска“
  - „Димитар Влахов“
  - „Вењко Влаховиќ“
  - „Карпош“
  - „Индустриска“
  - „Бел Камен“

- „Јури Гагарин“
- „Балканска“
- „23 Август“ – висока зона
- „Ѓуро Ѓаковиќ“
- „Неретва“
- „Енгелсова“
- „Марксова“
- „5 та Улица“
- „Крушевска република“
- „Ѓорѓи Димитров“
- „Питу Гули“
- „Малешка“
- „Пионерска“
- „Првомајска“
- Локален пат „Абланица“ – од пат Берово – граница до црква св.Недела

По потреба и на други места во зависност од временските услови и моменталната состојба на коловозните површини, односно проценката на одговорните лица се депонира одредена количина на песок (1 -2 м$^3$) која се разнесува со трактор со сеалка или рачно.

**ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ**

Одржувањето на локалните улици и патишта, односно на коловозните површини се врши со ангажирање на:

- Механизација,
- Специјални машини и опрема,
- Работна сила и
- Средства (абразивни средства, песок и др.)

Оспособувањето на коловозните површини се врши во зависност од временските услови, односно се утврдуваат:

- **ПРВА СОСТОЈБА НА ГОТОВНОСТ: - присуство на голомразица и снежен нанос до 10 см.**

- **ВТОРА СОСТОЈБА НА ГОТОВНОСТ: - присуство на голомразица и снежен нанос над 10 см.**

Зимското одржување на коловозните површини го врши ЈПКР „Услуга“ Берово со кој општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување.

Начинот на зимското одржување го определува операторот со кој општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување почитувајќи ги приоритетите определени со оваа Програма како и во координација со општина Берово.

**МЕХАНИЗАЦИЈА, ОПРЕМА, МАТЕРИЈАЛИ И РАБОТНА СИЛА**

Операторот со кој општина Берово има потпишано Договор за зимско одржување на локални улици и патишта во договорот ќе ги определи механизацијата, опремата, материјалите и работната сила која ќе биде на располагање во Прва, односно Втора состојба на готовност.

Ако состојбата на теренот има потреба, субјектот со кој општината има потпишано договор за зимско одржување во соработка и координација со општината ќе

обезбеди и ангажира дополнителни ресурси (градежни машини и луѓе) заради давање на соодветен одговор во услови на подолготрајни врнење на снег и др. односно заради нормализирање на состојбите со безбедноста на сообраќајот во зимски услови.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И НАДЗОР**

Извршувањето на Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово за сезона 2019/2020 ќе го врши општина Берово преку склучување договор за зимско одржување со Оператор.

Надзорот врз извршувањето на Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово за сезона 2019/2020 ќе го врши Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина и комуналниот инспектор при општина Берово.

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

Финансирањето на активностите предвидени со Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта во општина Берово за сезона 2019/2020 ќе се врши со средства од Буџетот на општина Берово за 2019/2020 година.

| Ред. Бр. | ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на песок и абразивни материјали | Сезона 2019/2020 | 200.000,00 | 200.000,00 |
| 2. | Ангажирање на трактор и сеалка | Сезона 2019/2020 | 150.000,00 | 150.000,00 |
| 3. | Ангажирање на градешни машини | Сезона 2019/2020 | 300.000,00 | 300.000,00 |
| 4. | Ангажирање на камион со специјален нож | Сезона 2019/2020 | 300.000,00 | 300.000,00 |
| 5. | Непредвидени трошоци | Сезона 2019/2020 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | / | **1.000.000,00 МКД** | **1.000.000,00 МКД** |

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот на општина Берово и Градоначалникот на Општина Берово, односно Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина при општина Берово

Бр.09-4531/1
19.12.2019 год.
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ
Општински Акционен план за чистење на природни водотеци
и речни корита во сливот на река Брегалница за 2020 година

Се објавува ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2020 година, Бр.09-4532/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/16 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 122, 123 и 124 од Закон за водите (Службен Весник на Р.М. бр. 87/08….52/16), член 19 став 2 точка 11 од Статутот на Општина Берово (Службен гласник на Општина Берово бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на општина Берово на седницата одржана на 19.12.2019 година донесе:

## ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД ШТЕТНО ДЕЈСТВО НА ВОДИТЕ
## Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2020 година

Член 1

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои , одбрана од замрзнување на површинските водни тела , како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите.

Член 2

Како можни жаришта за поплавување на населени места како и земјоделско земјиште во Општина Берово од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување се наведуваат следните водотеци и реки кои преку овој акциски план се предвидуваат за чистење:

- **"Колачински поток"** во должина од 1650 м. Ќе се работи на продлабочување на коритото и оформување на косините во должина од **1500 м** односно од спојот на патот за Колачина до вливот во р. Брегалница.

- Природниот водотек **"Маначиски поток"** кој се протега покрај улиците „Вељко Влаховиќ“ и улицата „Балканска" предизвикува поплави за време на порои и е

потребно чистење на наносот и транспортирање на истиот во депонија. Предвидено е да се чисти потегот низводно од улицата „Борис Кидрич“ и узводно покрај улицата „Балканска" L = **1000 м**.

- Природниот водотек **„Ормански поток"** кој се протега покрај улицата „Индустриска“ и преку ул „Маршал Тито" оди до р. Брегалница и е потребно чистење на наносот во должина од **1800 м** со копање и исфрлање на вишокот материјал во депонија на растојание до 3,0 км.

- Чистење на нанос во нерегулирано „**Корито на река Брегалница“** узводно од мостот на ул. „11 Октомври“ до граница на опфат на урбанистички план, и низводно од пешачкиот мост на ул. „Вељко Влахович“ до Мост на регионалниот патен правец Берово-Струмица во должина од **1000 м**.

- „**Ратевска река“** низводно од најкритичната делница „Ѓердови воденици“ до вливот на река Брегалница во должина од 5 000 м од кои за чистење се **1500 м**. Главно интервенцијата ќе се состои од чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините.

- „**Русинска река“ -** предвидени активности за чистење се наоѓа во село Русиново од завршетокот на улица „Димитар Влахов“ до под мостот на улица „11 Октомври“ во должина од **500 метри**, а се состои од чистење на наноси, вегетација и проширување на речното корито.

- „**Дворишка река“** покрај локалниот пат Студенец – Двориште во должина **од 950 м.** Ќе се работи на чистење на нанос, продлабочување на коритото со формирање на косини на брегот спроти локалниот пат.

- **„Поток“** на влезот во с.Ратево во должина од **150 м**. Се состои од чистење и продлабочување на коритото на потокот

Член 3

Средствата за финансирање на предвидените активности во рамки на оваа Програма во вредност од 970.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Берово од програма Ј2- одведување и пречистување на отпадни води.

Член 4

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Берово„.

Бр. 09-4532/1
19.12.2019 година
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ )
За изградба, реконструкција и одржување
на локални патишта и улици во Општина Берово во 2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Берово во 2020 година, Бр.09-4533/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/17 ОПШТИНА БЕРОВО
20.12.2019 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа начлен 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ БР.5/2002),а во врска со член 14 став 8 и член 15 став 2 од Законот за јавни патишта (Сл. Весник на РМ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 44/12, 168/12 и 163/13) и член 19 став 2 точка 12 од Статутот на Општина Берово (“Службен Гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на 27-та седница одржана на 19.12.2019 година донесува

**П Р О Г Р А М А (ЈД, Ј6 и ЈФ )**
За изградба,реконструкција и одржување
на локални патишта и улици во Општина Берово
во 2020 година

Со оваа Програма се планираат активностите на Општина Берово за изградба,реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Берово во 2020 година.

Во програмата во зависност од средствата со кои располага Општина Берово и приливот на финансиски средства од Буџетот и Фондовите на Република Македонија се планирани следните активности:

**1.Изградба, доизградба,реконструкција и санирање на улици во Општина Берово**

**1.1.Изградба и доизградба на улици: ………….. 18.204.835,00 ден.**

***Улици во Берово**

-ул.„20“ Ширината втора фаза .................... 6.700.000,00ден.

- ул.„Плачковица“ ...................................... 1.390.000,00ден.

-Изградба на пешачка патека спој на ул.„Гоце Делчев“ и ул.„Димитар Влахов“ ................................................ 400.000,00 ден.

-ул. „Козара“ ............................................................... 1.500.000,00 ден.

*** Улици во с.Мачево**

-ул.„3“ 1.723.219,00 ден.

*** Улици во с.Русиново**

- ул.„Моша Пијаде“ .................. 1.524.584,00 ден.

- дел од ул.„ улица 4 “ ........................................... 2.567.032,00 ден.

*** Улици во с.Ратево**

-дел од ул.„Маршал Тито“......................................... 1.200.000,00 ден.

-дел од ул.„ 1 ви Мај“................................................. 1.200.000,00 ден.

**1.2.Реконструкција и рехабилитација на улици ……….............. 38.053.794,00 ден.**

* Реконструкција на паркинг простор пред детска градинка .... 1.500.000,00 ден.

* Улици с.Двориште ................................................................. 33.699.167,00ден.

* Реконструкција на ул.„23ти Август“ - Берово............................ 538.390,00ден.

* Ул. „Јурij Гагарин“ - Берово ...................................................... 2.316.237,00ден

**1.3. Набавка и изградба на сообраќајна сигнализација ................. 150.000,00ден.**

**1.4. Хоризонтално обележување на улици ....................................... 450.000,00 ден.**

**1.5. Експропријација на градежно земјиште .................................. 300.000,00 ден.**

**1.6. Изработка на проекти .................................................................. 500.000,00 ден**

**1.7.Отплата на кредит за изградба на улици .................................. 2.338.000,00ден**

**1.8.Одржување и заштита на локални патишта и улици ............ 2.001.171,00ден.**

- Изградба на потпорен ѕид на улици во Двориште……………... 651.171,20 ден.
- Изградба на потпорен ѕид на улица „Козара“ – Берово............... 700.000,00 ден.
- Крпење на ударни дупки ........................................................... 300.000,00 ден.
- Изработка на банкина локален пат „Ѓердови Воденици – Русиново“ 150.000,00 ден.
- Чистење на канафки локален пат „Студенец – Двориште“.......... 200.000,00 ден.

**1.9.Изградба на тротоари на улици ..................................................... 1.500.000,00 ден**

-Ул.„Дамјан Груев“ – Берово............................................................. 1.500.000,00 ден.

**1.10.Заостанат долг .................... 1.000.000,00ден.**

**Се Вкупно 1.1 + 1.2. + 1.3 + 1.4 + 1.5 + 1.6 + 1.7 + 1.8 + 1.9 + 1.10 = 64.497.800,00 ден.**

**2. Изградба,реконструкција и санирање на локални патишта**

**2.1.** Реконструкција и рехабилитација на локален пат Безгашчево .......1.180.000

**Вкупно 2..................................................1.180.000,00 ден.**

**Се Вкупно 1 + 2 ................... 65.677.800,00 ден**

**П Р И Х О Д И**

**1.Изградба, доизградба,реконструкција и санирање на улици во Општина Берово**

**-Средства од повисоко ниво на власт и донации……………………………34.713.640,00 ден.**
* Средства за реконструкција на улици с.Двориште се предвидени од:
- Светска банка ........................................................................................................ 33.699.167,00 ден
* Средства за реконструкција на улица „4“ с.Русиново се предвидени од
- Биро за регионален развој ........................................................................................1.014.473,00 ден

**-Сопствено учество.........................................................................................29.784.160,00 ден**

**Вкупно: 64.497.800,00ден.**

**2. Изградба,реконструкција и санирање на локални патишта**
*Средства за реконструкција и рехабилитација на локален пат Безгашчево се предвидени од
-Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој ............ 1.000.000,00 ден.

**-Сопствено учество .......................................................................................... 180.000,00 ден.**

**Вкупно: 1.180.000,00 ден.**

**Се Вкупно 1 + 2 ............. 65.677.800 ,00 ден.**

Бр.09-4533/1
19.12.2019 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

П Р О Г Р А М А
за уредување на градежно земјиште на подрачјето
на општина Берово за 2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Берово за 2020 година, Бр.09-4534/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/18
20.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр,5/2002), а во врска со член 95 од Законот за градежно земјиште (Службен весник на РМ бр, 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) и член 19 став 2 точка 8 од Статутот на Општина Берово ("Службен Гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на Седницата одржана на ден 19.12.2019 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2020 ГОДИНА**

Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2020година е основа по која ќе се врши уредување на градежното земјиште и опфаќа:

1.Просторот кој е предмет на уредување и обем на уредување
2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура
3.Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба и пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште
4.Определување на цената на градежното земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите за уредување градежно земјиште
5.Динамика на извршување на Програмата
6.Преодни и завршни одредби
7.Трошоци за уредување на градежно,односно намена на средства по објекти и области
8.Изворни приходи

**1.Просторот кој е предмет на уредување и обем на уредување**

1,1 Уредување на градежно земјиште во 2020 година ќе се врши во градот Берово,на подрачјето опфатено со детален урбанистички план на градот, сите населени места во Општина Берово и туристичките населби „Суви лаки"и„Беровско езеро".

- На сите поединечни локации на поранешни сопственици со утѕрдено прединствено право на користење на тоа земјиште и на сите сопственици кои правото на користење го трансформирале во право на сопственост согласно новиот Закон за градежно земјиште,во согласност со намените утврдени во Генералниот и Деталниот урбанистички план на градот по обезбедена урбанистичка градежна документација и склучен договор за уредување на градежно земјиште со Одделението за комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Берово.

- На сите локации дадени под концесија, долготраен или краткотраен закуп од страна на Република Македонија врз основа на спроведена постапка согласно Законот за градежно земјиште , за намените утврдени со Деталниот урбанистички план на градот.

1.2 Уредување на градежно земјиште за изградба на објекти надвор од урбаниот опфат и во случаи кога уредувањето не е предвидено со Програмата, го врши инвеститорот на сопствен трошок.

**2.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура**

2.1Грдежното земјиште за локациите од точка 1.1 на оваа програма ќе се уреди со комплетна комунална инфраструктура(основна уреденост ),на следниот начин:
- Изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат
- Изградба на водоводна мрежа
- Изградба на фекална канализација
- Изградба на електрична мрежа

2.2 За повисок степен на уреденост од основниот, потребно е изградба на следната инфраструктура:
- Изградба на ПТТ мрежа

- Изградба на топлификациона мрежа
- Изградба на улици,тротоари и паркинзи
- Изградба на атмосферска канализација
- Изградба на улично осветлување
- Изградба на гасоводна мрежа
- Изградба на пречистителна станица за отпадни води

2.3 Доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост определен во точка 2.1 од програмата се утврдува како понизок степен на уреденост.

**3.Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште**

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се определува до висина на реалните трошоци за уредување – целосен надоместок во следниот износ:

3.1 За локации со основен степен на уреденост:

- Геодетски работи ------------------------------------------------ 20ден/м$^2$
- Проектирање ------------------------------------------------ 30ден/м$^2$
- Улица(пробиена) ------------------------------------------------ 300ден/м$^2$
- Водовод ------------------------------------------------ 150ден/м$^2$
- Канализација ------------------------------------------------ 150ден/м$^2$
- Електрична мрежа ------------------------------------------------ 400ден/м$^2$

ВКУПНО 1.050,00ден/м$^2$

3.2 За локации со повисок степен на уреденост:

- Геодетски работи ------------------------------------------------ 20ден/м$^2$
- Проектирање ------------------------------------------------ 30ден/м$^2$
- Улица(асфалт) ------------------------------------------------ 470ден/м$^2$
- Водовод ------------------------------------------------ 150ден/м$^2$
- Канализација ------------------------------------------------ 150ден/м$^2$
- Електрична мрежа ------------------------------------------------ 400ден/м$^2$

ВКУПНО 1.220,00ден/м$^2$

3.3 За локации со повисок степен на уреденост од степенот утврден со точките 3.1 и 3.2 се плаќа надоместок од точка 3.2 (вкупниот износ) зголемен за 1% за секој повисок степен на уреденост од точка 2.2 на оваа програма.

3.4 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловни и јавни објекти за основниот степен на уреденост изнесува:

- Прва зона во Берово -------------------------------- 1.550,00 ден/м$^2$
- Втора зона во Берово -------------------------------- 1.400,00 ден/м$^2$

3.5 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за деловен простор определен во точка 3.4 од оваа програма за повисок степен на уреденост на градежното земјиште се зголемува за 1% од утврдената цена за секој нареден степен на уреденост.

**3.6 Надоместокот за уредување на градежно земјиште За објекти од група на класи на намени Г – производство,дистрибуција и сервиси изнесува 22.000,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.**

**3.7 За објекти од група на класи на намени Б5 – угостителски и туристички комплекси,хотелски комплекси и одмаралишта, и за објекти од група на класи на намени А4 – хотел,мотел,времено сместување во викенд куќи,планинарски дом и ловен дом: изнесува 32.000,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето**

**површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.**

**3.8 За туристичка населба „Суви Лаки“ и туристичка населба „Беровско Езеро“ ќе се наплатува за следните видови објекти : . За индивидуални станбени згради и викенд куќи-24.000,00 ден./м$^2$ , За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго.), објекти од обласга на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 28.000,00 ден/ м$^2$ и За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 32.000,00 ден/м$^2$нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.**

. **За други објекти:**

- **катни гаражи ............................................ 8.000,00 ден/м$^2$**
- **спортски покриени објекти .......................... 20.000,00 ден/м$^2$**
- **отворени пазаришта 20% од површината по 30.000,00 ден/м$^2$**

**3.9 Надоместокот за уредување на градежно земјиште определен во точка 3.6 3.7 и 3.8 од оваа програма за повисок степен на уреденост на градежното земјиште се зголемува за 1% од уредената цена за секој нареден степен на уреденост.**

3.10Начин на пресметување на површинте за одредување надоместок за уредување на градежно земјиште

(1) Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште согласно точка 2 на ова програма, се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ќе се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простори во објектот, согласно заверениот основен проект, помножен со следните коефициенти:

**1. Стамбени објекти**

-стамбени простории --------------------------- 1,0
-стамбени простории со висина до 2,50 m подпокривен простор ------- 0,2
- лоѓија затворена од три страни ------------------------ 0,4
-подлоѓија затворена од две страни ------------------------ 0,3
-балкони,тераси ----------------------- 0,2
-заеднички проодни тераси,пасажи ------------------------ 0,2
-помошни простории,остава за гориво,котлара,визба ------------------ 0,3
-трафостаници до 35кв во објекти и надвор од објекти ---------------- 0,3
-скалишен простор и заеднички комуникации --------------------- 0,3
-стражарници,управител,простории за домар --------------------- 0,5
-паркиралишта и гаражи ---------------------- 0,1

**2. Деловни и јавни објекти**

-простории ---------------------------------- 1,0
-магацини ---------------------------------- 0,5
-помошни простории,остава за гориво,котлара -------------------- 0,3
-трафостаници од 35кв во објект и надвор од објект ---------------- 0,4
-скалишен простор и заеднички комуникации --------------------- 0,5
-паркиралишта и гаражи ---------------------- 0,1
- лоѓија затворена од три страни ------------------------ 0,5
-подлоѓија затворена од две страни ------------------------ 0,4

-балкони,тераси ----------------------- 0,3
-отворен наткриен простор ------------------------ 0,3

**3. Други објекти**

-катни гаражи --------------------------------------- 0,05
-спортски покриени објекти ---------------------------- 0,5
-спортски откриени објекти ----------------------------- 0,3
-гасни станици и базни станици за 50% од површина на локација 1,0
-отворени пазаришта за 30% од површина на локацијата ----------- 1,0
-базени ------------------------------------- 0,2
-трафостаници над 35 кв -------------------------------- 1,0

**4.За објекти од група на класи на намени Г – производство,дистрибуција и сервиси**

-Г1 тешка и загадочна индустрија -------------------- 0,05
-Г2 лесна индустрија --------------------- 0,05
-Г3 сервиси -------------------- 0,05
-Г4 стоваришта -------------------- 0,05

**5.За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници,кафетерии и ресторани,авто сервиси,авто салони,помошни простории):**

-продажни простории на бензинските пумпни станици ----------- 1,0
-услужни простории на бензинските пумпни станици ----------- 1,0

**6. За објекти од група на класи на намениБ5 – угостителски и туристички комплекси,хотелски комплекси и одмаралишта, и за објекти од група на класи на намениА4 – хотел,мотел,времено сместување во викенд куќи,планинарски дом и ловен дом:**

-сите простории ------------------------- 0,05

**7. За детски градинки,пензионерски домови и домови за стари лица:**

-сите простории ------------------------- 0,05

**8.За објекти за високо образование:**

-сите простории ------------------------- 0,05

**9. За објекти за културата:**

-сите простории ------------------------- 0,01

**(2) Во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуваат површините на :**

-инсталациони канали
-окна за лифтови
-окна за врати
-отворени паркиралишта и
-подземни резервоари

**( 3) За објектите од став 1 со висина над 32 ката, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 27 % од вкупно пресметаната површина согласно став (1) и (2) точка 3.10**

**Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште се пресметува на 27%од вкупно пресметаната површина согласно став(1) и(2)од потточка 3,6 и за други објекти од став(1)од потточката3,6 без оглед на нивната височина,кои се наоѓаат на истата градежна парцела во која е предвидена изградба на објекти со височина над 32 ката.**

**( 4) За агро берзи, откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежното земјиште во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, се пресметува на 50% од вкупно пресметаната површина, согласно став(1) и (2) точка 3.10**

**(5) За објектите од група на класи на намена Г – производство,дистрибуција и сервиси,висината на трошоците за уредување на градежното земјиште неможе да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Македонија за последната година,помножена со коефициентите опишани во став (1) точка 4 од овој правилник.**

**(6) За линиски инфрастуктурни објект – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво од и над 35КВ како, и за брани со акомулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа, и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината, согласно член 67-а став(1) од законот за градење, а инвеститор е општината не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште**

**3.11.„Надоместок за уредување на градежно земјиште за населени места во Општина Берово”**

**3.11.1**. За населените места Смојмирово, Мачево, Будинарци и Митрашинци кои имаат УДС ќе се наплатува за следните видови објекти :

2. За индивидуални станбени згради -190,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.
3. За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго.), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 455,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините, на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација , помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.
4. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 560,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување за трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.

   За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 370,00 ден/м$^2$. нето развиена површина.

   Во надоместокот за уредување на градежно земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутувната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура ( електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.
5. За други објекти:
   - катни гаражи .............. 110,00 ден/м$^2$
   - спортски покриени објекти .......................... 280,00 ден/м$^2$
   - отворени пазаришта 20% од површината по 560,00 ден/м$^2$

| Населено место | Улица --- јавен пат | Водовод | Канализација | Ел.мрежа | Вкупен износ за наплата | |
|---|---|---|---|---|---|---|

Прва група: 190/560 ден.

| | 50% | 15% | 15% | 20% | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Смојмирово | + | + | + | + | 190/560 | |
| Мачево | + | + | - | + | 160/470 | |
| Будинарци | + | + | + | + | 190/560 | |
| Митрашинци | + | + | - | + | 160/470 | |

Втора група: 190/280

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| Ратево | + | + | + | + | 190/280 | |
| Русиново | + | + | + | + | 190/280 | |
| Владимирово | + | + | + | + | 190/280 | |
| Двориште | + | + | -- | + | 160/240 | |

**3.11.2** . За населените места: Ратево, Русиново, Владимирово и Двориште кои имаат Општ акт ќе се наплатува за следните видови објекти.

1. За индивидуални станбени згради -190,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.
2. За објекти од јавен карактер како што се: училишта, здравствени објекти ( болници, клиники , здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството. Надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува.220,00ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно оверена проектна документација помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа програма.
3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 280,00 ден м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплача за 1 м$^2$ разлика до деловен простор, т.е. 90,00 ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежно земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура ( електро. ПТТ,

водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. За други објекти :
- катни гаражи ............ 55,00 ден/м$^2$
- спортски покриени објекти .................. 140,00 ден/м$^2$
- отворени пазаришта 20% од површината по 280,00 ден/м$^2$

**3.11.3.** За туристичка населба „Суви Лаки“ и туристичка населба „Беровско Езеро“ ќе се наплатува за следните видови објекти :

1. За индивидуални станбени згради и викенд куќи-24.000,00 ден./м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.

2. За јавните објекти како што се: училишта , здравствени објекти (здравствени станици, амбуланти и друго.), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 28.000,00 ден/ м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините, на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација , помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 32.000,00 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “ Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување за трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост “ и оваа Програма.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 8.000,00 ден/м$^2$. нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежно земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутувната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура ( електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. За други објекти:
- катни гаражи ............................................ 8.000,00 ден/м$^2$
- спортски покриени објекти .......................... 20.000,00 ден/м$^2$
- отворени пазаришта 20% од површината по 30.000,00 ден/м$^2$

| Населено место | Улица --- јавен пат | Водовод | Канализација | Ел.мрежа | Геодетски работи и проектирање | Вкупен износза наплата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 40% | 15% | 15% | 20% | 10% | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| „Суви Лаки“ | + | + | - | + | + | 20.400/27.200 |
| „Беровско Езеро“ | + | + | + | + | + | 24.000/32.000 |

**4.Определување на цена на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за потребите за уредување на градежно земјиште:**

4.1 Експропријација на градежно земјиште при решавање на имотно правни односи за реализација на ДУП, надоместокот односно вредноста по м$^2$ се утврдува од страна на овластен проценител во зависност од зоната во која се наоѓа земјиштето.

4.2 Надоместок за трошоци за извршени прекопи и надзор на јавни прометни површини (коловози, тротоари, плоштади и зелени површини) се утврдува цена од 1.500,00 ден/м$^2$
Прва зона во Берово го опфаќа просторот меѓу улиците „Маршал Тито“од двете страни од зградата на МВР до Манастирот Свети Архангел Михаил,улица“ улица „Партизанска“од двете страни до раскрсницата со улица „Задарска“,улица„Задарска“ од двете страни до раскрсницата со улица „23тиАвгуст“, улица „23тиАвгуст“ до раскрсницата со улица „Моша Пијаде“, улица „Моша Пијаде“ од оваа раскрсница до Манастирот Свети Архангел Михаил“, улица„Илинденска“ од раскрсницата со улица„Маршал Тито“ дораскрсницата со улица„Страшо Пинџур“ и улица„ Страшо Пинџур“ од раскрсницата со улица „Илинденска“ до раскрсницата со улица„Дедо Ило Малешевски“.

**5.Динамика на извршување на Програмата.**

Динамиката на извршување на работите на уредување на градежното земјиште предвидени во програмата ќе се одвива во зависност од наменските средства кои же се соберат во Буџетот на Општина Берово.

**6.Преодни и завршни одредби**

6.1 Надоместокот за уредување на градежно земјиште за доградби и надградби во Општина Берово изнесува 50% од надоместокот утврден во точка 3 од Програмата.

6.2 Доколку со изградбата на објекти предвидено е отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела,при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист на постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти но не помолку од 20% од висината на надоместокот за новиот објект .

Во случаите од предходниот став на оваа подточка,површините на подпокривен простор, лоџија, подлоџија, балкони, тераси, заеднички преодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

6.3Надоместокот за уредување на градежно земјиште на инвеститорот инвеститорите кои до влегување во сила на оваа Програма инвестирале во инфраструктурна мрежа за сопствени објекти ќе се намали за износот на средствата со кои учествувал инвеститорот за односната мрежа,врз основа на доставен финансиски документ од изведувачот на работите,односно проценетата вредност на извршените работи.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено,односно делумно е уредено, инвеститорот на објектот плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за делумно уредување на земјиштето-делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

6.4 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа за површина предвидена со заверен главен проект.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува врз основа на проект доставен од Одделението за урбанизам до Одделението за комунални работи и заштита на животна средина кој со инвеститорот на објектот склучува договор за начинот на плаќање и уредување на меѓусебните права и обврски.

6.5 За пренамена на станбен во деловен простор се плаќа надоместок за уредување на градежно земјиште во износ на разликата меѓу платениот надоместок за уредување на градежно земјиште за станбен простор и надоместокот за деловен простор.

6.6 Во уредувањето на градежното земјиште учествува општината,како и субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.

Во случај кога неуредено,односно делумно уредено градежно земјиште ќе се доуредува,надоместокот го плаќаат корисниците на објектите на инфраструктурата и субјектите кои стопанисуваат со нив.

Трошоците за приклучок на инфраструктурните мрежи ,како и таксите за приклучоци ги сноси инвеститорот на објектот во договор со соодветниот носител на инфраструктурната мрежа.

6.7 Во оваа програма надоместокот е пресметуван со вредност на еврото од 61 денар за 1 евро.При секоја промена на курсот на денарот во однос на еврото ќе се применуваат износите на надоместоците и цената на градежното земјиште во денарска противвредност на еврото според средниот курс на Народната банка на Република Македонија.

6.8 Надоместокот за уредување на градежно земјиште се плаќа во текот на постапката на издавањето на одобрението за градење.

Без платен надоместок за уредување на градежното земјиште не може да се издаде одобрение за градење .

6.9 Трошоците за дислокација на инфраструктурните мрежи и за изградба на пристапи,потпорни зидови и сл.паѓаат на товар на инвеститорот на објектот.

Бр.09-4534/1
19.12.2019 год.
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на
## П Р О Г Р А М А - Ј4
## За одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 година

Се објавува П Р О Г Р А М А - Ј4 за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 година, Бр.09-4535/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 19.12.2019 година.

Бр.08-4579/19
20.12.2019 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 12 став 1 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13,44/15 и 147/15) и член 19 став 2 точка 15 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово, на 27-та седница одржана на ден 19.12.2019 година донесе

## П Р О Г Р А М А - Ј4
## За одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2020 година

**1.Општи одредби**

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Берово за 2020 година и тоа:

Вид и обем и обем на работите што треба да се вршат,финансиските средства,временските рокови за извршување,динамика,начин на извршување на работите,одржување на постоечките и обезбедување на јавните санитарни јазли и поставување на соодветни за фрлање на отпадоци на јавни површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Согласно одредбите на Законот за јавна чистота,одржување на јавната чистота,собирањето на сметот и чистењето на снегот и ледот во зимски услови се дејност од јавен интерес од локално значење и претставува обврска на единиците на локалната самоуправа.

Одржување на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини,на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување.Сопствениците односно корисницитена отворени простори на јавни објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го острануваат сметот од истите.

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини на Општина Беровоќе го врши ЈПКР„Услуга“- Берово.

**2.Вид,обем,динамика и начин на извршување на работите**

2.1 Одржување на јавната чистота со метење на јавните површини ќе се се врши на следниот начин:

**Улици кои се метат секој ден**

Ул.„Маршал Тито“ од Пошта – ул.„Илинденска“ и од ул.„Цветан Димов“ – Комунално 2205 м$^2$ .

| | |
|---|---|
| Плоштад со паркинг | 6700 м$^2$ |
| Ул.„23$^{ти}$ Август“ од ул.„Маршал тито“ – ул„Моша Пијаде“ | 320 м$^2$ |
| Ул.„Цветан Димов“ | 200 м$^2$ |
| **Вкупно:** | **9425 м$^2$** |

**Улици кои се метат секој работен ден**

| | |
|---|---|
| Ул.„23$^{ти}$ Август“ 2000.м$^2$ | |
| Ул.„Мирче Ацев“ | 610 м$^2$ |
| Ул.„Моша Пијаде“ од стопански влез на осмолетка до ул.„ 23$^{ти}$ Август“ | 1480 м$^2$ |
| Ул.„Димитар Влахов“од собрание до ул.„ 23$^{ти}$ Август“ | 715 м$^2$ |
| **Вкупно:** | **4805 м$^2$** |

**Улици кои се метат еднаш недели**

| | |
|---|---|
| Ул.„Страшо Пинџур“ од ул.„Илинденска“ до ул.„Цветан Димов“ | 920 м$^2$ . |
| Ул.„Илинденска“ од ул.„Страшо Пинџур“ до ул.„М.Тито“ | 350 м$^2$ . |
| Ул.„Партизанска“ од ул. .„М.Тито“ до ул.„Задарска“ | 2700 м$^2$ . |
| Ул.„Задарска“ | 2400 м$^2$ . |
| Ул.„Борис Кидрич“ од ул.„ 23$^{ти}$ Август“ до канал | 320 м$^2$ . |
| **Вкупно:** | **6690** м$^2$ |

**Улици кои се метат еднаш месечно**

Ул.„Маршал Тито“ од Пошта – раскрсница Алкалоид
3400 $м^2$ .
Ул.„Партизанска“од ул„Задарска“доУл„Борис Кидрич“и одул.„М.Тито“доул„Даме Груев“
2400 $м^2$
Ул.„Моша Пијаде“ од ул.„ 23ти Август“ до Манастир и од ул.„Партизанска до стопански влез на осмолетка 4600 $м^2$
Ул.„Борис Кидрич“ од раскрсница ладимерски пат до канал 4500 $м^2$ .
Кеј нов 7300$м^2$
Плоштад сВладимирово 1769 $м^2$
Плоштад сРусиново 2662 $м^2$
Плоштад сРатево 1894 $м^2$
Плоштад сСмојмирово 791 $м^2$
Плоштад с.Будинарци 1740 $м^2$ .
**Вкупно: 31056 $м^2$**

2.2 Одржување на јавна чистота на сите паркови,зеленила и улични тревници во Берово – понеделник,среда и петок и по налог на одговорно лице.

2.3 Одржување на јавна чистота на сите паркинзи,скалила што ги поврзуваат површините на јавниот сообраќај и такси стојалишта – сабота.

2.4 Одржување на јавната чистота на кејот на река Брегалница во градското подрачје од мостот на ул.„Партизанска“ до дрвениот мост на река Брегалница над градскиот пазар се врши:

- коритото еднаш неделно – сабота
- кејските зидови – секој први од месецот

2.5 Одржување на јавна чистота на спортски терени во градот (градски стадион)и сите други спортски терени во градот – пред и после натпревар и по налог на одговорно лице.

2.6 Одржување на јавна чистота на градски гробишта – секој ден

2.7 Одржување на јавна чистота на градското пазариште – среда и четврток попладне

ЈПКР„Услуга“ Берово е должно да врши чистење на снегот и мразот во зимски услови од улиците во Берово и главните улици во селските населби.

Чистењето на јавните и сообраќајните површини се извршува во утринските часови.

Одржувањето на јавната чистота со миење ќе се врши во летниот период,двапати во неделата на јавните површини во центарот на градот и тоа:понеделник и петок во раните утрински часови.

Градскиот пазар ќе се мие еднаш неделно – четврток попладне,а во зимскиот период по потреба.

Во останатите делови на градот,јавните површини ќе се мијат по потреба.

Миењето на јавни и сообраќајни површини ќе се извршува вовраните утрински часови или во часовите кога фрекфренцијата на возилата и луѓето кои се движат на површините кои се мијат е минимална.

**3. Поставување на садови за отпад и јавни санитарни јазли**

За одржување на јавната чистота на јавните површини се поставени корпи за фрлање на отпадоци кои треба редовно да се празнат.Истите постепено да се менуваат,одржуваат и надополнуваат.

Одржувањето на јавните санитарни јазли на градското пазариште и градските гробишта е во надлежност на ЈПКР„Услуга“ Берово.Треба редовно да се чистат,мијат и одржуваат во исправна состојба.

Во централното градско подрачје бројот на контиењери е сведен на минимум(само на локации каде има колективни згради,јавни установи и фркфрентни локации).Сите домаќинства кои немаат набавено индивидуални садови за комунален отпад да се задолќат од страна на службите во Општината да ги обезбедат стандардните канти за отпадоци.

Распоредот за празнење на садовите за комунален отпад во Берово ќе го достави до Општина Берово ЈПКР„Услуга“ Берово по денови,реони и улици.

Во селските населби(Русиново,Владимирово,Смојмирово,Мачево,Будинарци,Митрашинци и Ратево) веќе

се поставени контејнери.Да се поставаат и додатни канти за отпадоци и ситен отпад и задолжат граѓаните да си набават садови за комунален отпад,кои немаат обезбедено.

Распоредот за празнење на садовите за комунален отпад во селските и туристичките населби:

Смојмирово,Мачево,Будинарци,Митрашинци – секој вторник во неделата
Владимирово – секоја среда во неделата
Русиново и Ратево – секој четврток во неделат
Туристичка населба Абланица – секој петок во неделата
Туристичка населба Брана – секој петок во неделата
Туристичка населба Суви Лаки – секој 15ти во месецот

Чистењето на контејнерите за ПЕТ отпад е доверена од страна на општината на правно лице кое има лиценца за собирање на овој вид на отпад за кое нешто ќе се врши контрола од страна на комуналната испекција.Чистењето ќе се врши задолжително еднаш неделно и тоа во среда и по потреба.

**4.Финансиски средства**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Берово изнесува 2.890.000,00денари и тоа:

- Одржување на улици,тротоари,плоштади, кеј,паркиралишта,шеталишта и други јавни површини со метење и миење ______________________________ 2.640.000,00денари
- Набавка и поставување на садови за отпадоци и друга опрема _____ 50.000,00денари
